

2024 - 2027

# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ГЕВГЕЛИЈА

НОЕМВРИ 2024



Андон Сарамандов,
градоначалник на општина Гевгелија

Општина Гевгелија е една од повеќето општини во која се спроведува проектот „Зајакнување на општинските совети“ кој има цел да помогне во унапредување на капацитетите на партнерските општини за одржлив локален развој, преку спроведување на процес за подготовка на Интегриран локален развоен план (ИЛРП). Во изминатите месеци, Општина Гевгелија, преку својот Локален развој тим (ЛРТ), предводен од сите сектори во општината, заедно со граѓаните, јавниот и приватниот сектор, работеше напорно на првиот ИЛРП.

Преку Методологијата во рамките на Проектот, беа идентификувани области за понатамошен развој на општината, зачувувајќи го притоа зелениот карактер на Општината. Фокус беше ставен на вклучување на младите (преку Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и младинските организации) и жените во обезбедување еднакви можности. Самиот ИЛРП претставува компилација од повеќе планови, во повеќе области за кои граѓаните сметаат дека се од интерес за еден сеопфатен развој. За прв пат во еден стратешки документ се предвидуваат повеќе развојни програми, кои се дефинирани во временска рамка и финансиски план. На овој начин, граѓаните ќе бидат тие кои ќе може да го следат реализирањето на стратешките насоки, преку конкретни програми и мерки.

Во ИЛРП се планира социо-економскиот развој на општината, урбаниот и руралниот развој, заштита на животната средина, прилагодување на климатските промени и енергетската независност. Дополнително, интегрален дел од ИЛРП е развојот на културата, спортот и меѓуопштинската соработка. Повеќе документи послужија во изработката на ИЛРП, како што е тоа Националнта развојна стратегија на земјата за период од 20 години, изработена со несебична поддршка од УНДП. Истовремено, новиот План за локален економски развој на Општина Гевгелија 2023 – 2026 година беше детално консултиран, како и Социјалниот план на Општина Гевгелија 2023-2026 година, Планот за управување со отпад 2017 – 2022 година, Стратегијата за развој на туризмот во Општина Гевгелија 2019-2024, Стратегијата за регионален развој 2021 – 2031 година и Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година, како и други регионални и национални планови и стратегии.

Преку овој процес, и со овој иновативен документ, Општина Гевгелија продолжува со транспарентен и партиципативен начин на вклучување на граѓаните во креирањето на сопствениот развој.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР

СОДРЖИНА

4 ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

5 ВОВЕД

7 ЦЕЛ НА ИЛРП

9 МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛР

12 ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

15 КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

21 ВИЗИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

23 СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

25 РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

59 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЛРП

61 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП

АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА



# 1. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа |
| **БРР** | Биро за регионален развој |
| **ИЛРП** | Интегриран локален развоен план |
| **ЛЕАП** | Локален еколошки акциски план |
| **НЕАП** | Национален еколошки акциски план |
| **ФЛОРИТ** | Фондација за локален одржлив развој и информатички технологии |
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **УНДП** | Програмата за развој на Обединетите нации |

# 2. ВОВЕД

## Профил на општина Гевгелија




Општина Гевгелија се наоѓа во крајниот југоисточен дел на Република Македонија, односно во јужниот дел на Повардариета и граничи со Грција. Општината се простира на простор од 485 квадратни километри, а нејзино седиште е градот Гевгелија. Општината е сместена во гевгелиско - валандовската котлина. Низ централното подрачје на општината, во правецот север-југ, поминува Коридорот 10. Според релјефот, просторот на општината може да се подели на неколку комплекси: рамничарски, падински, ридски и планински. Од вкупната површина, 28350 хектари отпаѓаат на шуми, 2652 хектари се пасишта, додека обработливата површина зафаќа 7800 хектари. Поради широката отвореност на Вардарската Долина кон Солунското Поле, општината Гевгелија е под силно влијание на средоземната клима.

Ова влијание е особено изразено во котлинскиот дел, до надморска височина од 300 метри, а во малку изменета форма се чувствува и во ридското подрачје, до надморска височина од 600 метри. Планинската клима преовладува само на повисоките делови на планината Кожуф.Вкупниот број сончеви часови во годината изнесува 2392 и, во тој поглед, со општината Гевгелија може да се споредат само неколку места крај Јадранското Море и крај Средоземното Море. Просечната годишна температура во Гевгелија изнесува 14,3 °C, при што, најстудениот месец во годината е јануари, со просечна температура од 3,2 °C, а најтоплиот месец е јули, со просечна температура од 25,7 °C. Во општината Гевгелија, просечното годишно количество

врнежи изнесува 745,2 м³. Распоредот на врнежите не е рамномерен, туку најмногу врнежи има во есен, а најмалку во лето. Во општината, најмногу дуваат ветровите Вардарец (кој дува од северен правец) и Југ (кој дува од југоисточен правец). Според последниот попис на населението од 2021, според последниот попис од 2021 година, во општината живеат 21 582  жители додека во состав на општината Гевгелија се 16 села: Богородица, Габрово, Давидово, Кованец, Конско, Моин, Милетково, Миравци, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Ума.

Согласно Законот за локална самоуправа, со општината раководат градоначалникот и Советот на општината, советниците се претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање, со мандат од 4 (четири) години. Работните места и задачите во општина Гевгелија, како и видовите и бројот на организациски облици се дефинираат и групираат според природата на работните места и задачите од надлежноста утврдена со закон. Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на општината. Во согласност со Законот за локална самоуправа и процесот на децентрализацијата, општинската администрација во Општина Гевгелија е организирана во следниве сектори и одделенија: 1) Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина (Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина и Одделение за комунални работи и локални патишта); 2) Сектор за јавни дејности и локален економски развој со следниве одделенија (Одделение

образование, Одделение за за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт ,Одделение за ЛЕР и прекугранична соработка); 3) Сектор за финансиски прашања (Одделение за финансиски прашања, Одделение за локални даноци и такси); 4. Сектор за правни, административни и општи работи и подршка на Градоначалникот (Одделение за правни работи, Одделение за стручно-административни и општи работи, Одделение за подршка на градоначалникот).




*Слика 1. Органограм на Општина Гевгелија*



2024 – 2027

# 3. ЦЕЛ НА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# 3. ЦЕЛ НА ИЛРП

Една од алатките за интегрирано управување со општината, каде општинската администрација е двигател на одржливиот развој, е изработката на ИЛРП. ИЛРП е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност. Планот е подготвен низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните, преку постојано следење, оценување и ревидирање на преземените стратешки чекори од страна на општинската администрација.



2024 - 2027

# 4. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

# 4. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП за Општина Гевгелија е подготвен во согласност со Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови изработени со поддршка на проектот „Зајакнување на капацитети на општинските совети – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа (МЛС) и Бирото за регионален развој (БРР). Проектот е дел од поширокатa програмска рамка на УНДП финансирана од Кралството Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1, се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

| Чекори | Период на спроведување |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | ноември 2023 |
| Чекор 2 – Формирање на Локален развоен тим | ноември 2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | ноември – декември 2023 |
| Чекор 7 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | ноември – декември 2023 |
| Чекор 8 - Социо-економска и анализа на животната средина | ноември – декември 2023 |
| Чекор 9 – Формирање и подготовка за работа на тематските работни групи – организирање покани и подготовка за состаноци на работни групи за тематски SWOT анализи | ноември – декември 2023 |
| Чекор 10 – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи и интегрална SWOT анализа | декември 2023 |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | декември 2023 |
| Чекор 12 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | декември 2023 |
| Чекор 13 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | декември 2023 |
| Чекор 14 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | октомври 2024 / ноември 2024 |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | октомври 2024 / ноември 2024 |

ИЛРП на општината Гевгелија е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни и градење на сопствени стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.



2024 - 2027

# 5. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

# 5. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП за општина Гевгелија, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечките политики и агенди на различни сектори, на исти и повисоки нивоа на управување со развојните процеси во земјата. Притоа, обезбедена е:

- ✓ вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- ✓ хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики и
- ✓ усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општината Гевгелија е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- ✓ Стратегијата за регионален развој 2021 – 2031[1];
- ✓ Програмата за развој на југоисточниот плански регион 2021 - 2026[2];

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на Општината Гевгелија со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП за општина Гевгелија особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии:

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[3];
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[4];
- ✓ Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[5];
- ✓ Националната стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[6];
- ✓ Планот за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[7];
- ✓ Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[8];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[9];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[10];
- ✓ Национален план за енергија и клима[11];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[12];

---

[1] https://brr.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/st_76_2021.pdf
[2] https://rdcpolog.mk/web/wp-content/uploads/2021/08/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-%D0%BD%D0%B0-%D0%9F%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD-2021-2026-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%86%D1%80%D1%82-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0_08.04.2021-1.pdf
[3] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[4] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[5] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[9] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[10] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[11] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf
[12] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx

- Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[13];
- Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[14];
- Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[15];
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[16];
- Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[17];
- Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[18];
- Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[19];
- Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[20];
- Стратегија за образование 2018 - 2025 година[21];
- Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[22];
- Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[23] и
- Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

[13]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[14]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[15]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[16]https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[17]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[18]https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[19]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[20]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[21]https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[22]https://finance.gov.mk/
[23]https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf




2024 - 2027

# 6.КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

# 6. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Гевгелија. На тој начин е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-еконмската и анализата на животната средина е приложен како Анекс 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Работоспособното население го сочинуваат возрасните групи од 20-64 години, со вкупна застапеност од 61,4% од вкупното население или 13.257 жители** | Достапност на човекови ресурси значи дека општината има потенцијал за уште поголем економски развој |
| **Половата структура покажува балансиран однос во општината** | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на родовата еднаквост. |
| **Се забележува позитивен тренд на населување во 2021 и 2022 година** | Позитивниот тренд на населување во општина Гевгелија укажува на тоа дека истата е економски просперитетна општина која обезбедува квалитетни услови за живот на граѓаните |
| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ** | |
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Во општина Гевгелија, во 2020 година, има 1,211 активни деловни субјекти. Најголем дел од нив се микро деловни субјекти и истите изнесуваат 60% од вкупниот број на деловни субјекти. Малите деловни субјекти изнесуваат 38%, а средните 1.4% од вкупниот број на деловни субјекти. Во општината има** | 99.4% од деловните субјекти се микро, мали и средни претпријатија, што укажува на потребата од димензионирање на поддршката на општината кон овие економски оператори, со препорака истите да бидат насочени кон туризам, угостителство и гастрономија (соодветно и на квалификациите на работната рака). |

| | |
|---|---|
| **14 големи претпријатија со повеќе од 250 вработени** | |
| **Од податоците за образовната структура на населението во општина Гевгелија може да забележиме дека со основно образование се вкупно 3,983 жители или 22%, со средно образование се вкупно 10,018 жители или 54%, со високо образование се 3.296 жители или 18% од вкупното резидентно население на возраст од 15+ години. Со незначителен дел во вкупниот процент учествуваат жителите кои имаат завршено магистерски студии (238 жители) и докторат (20 жители).** | Евидентно е дека постои ниско ниво на образование, само 18% имаат високо образование, со што фокусот е на економски активности со човечки ресурси со пониски квалификации |
| **За период од десет години, од 2012 година до 2022 година, бројот на ученици се намалил за 355 лица или за 35.8 %.** | |
| ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА | |
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Географската положба на општина Гевгелија ја прави сосема погодна за развој на туризмот. Низ територијата на Општина Гевгелија, по долината на река Вардар (север – југ), минува автопатот Е – 75. Општината граничи со Република Грција од што произлегуваат низа предности за стопанскиот развој на општината** | Атрактивност на општината како туристичка дестинација, способност да биде домаќин на посетители и потенцијал за економска експанзија преку туристичката индустрија. Проценката на тенденциите во овие сектори овозможува стратешки инвестиции и подобрувања за да се зајакне привлечноста на областа и кај домашните и кај меѓународните посетители |
| **Зголемување на туристичката активност се должи и на отворањето на нови хотели а особено приватни сместувачки капацитети (во 2021 година се вкупно 56 категоризирани сместувачки капацитети од физички лица: куќи, станови и соби за издавање на туристи)** | |
| **Во моментот, општина Гевгелија, има понуда на три индустриски зони: Блокотехна, Ракита и Индустриска зона Гевгелија. Исти така на подрачјето на општина е и ТИРЗ Прдејци, со која стопанисува РСМ.** | Силните страни на општината во однос на Земјиште и инфраструктура се постоење индустриски зони кои ги задоволуваат потребите на бизнисите и задоволителен капацитет на општински простории за користење на приватниот сектор |

| | |
|---|---|
| **Вкупната земјоделска површина во општината во 2022 година е 10.585 хектари од кои 6.733 се обработлива површина т.е. 64%. Од вкупната обработлива површина 4,699 хектари се ораници и бавчи, 1,315 лозја, 488 хектари овоштарници и 231 хектари ливади** | |
| **АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ** | |
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Сектор за урбанизам**<br>**Патна инфраструктура**<br>**Програма за уредување на градежно земјиште и изградба, реконструирање и одржување на локални патишта и улици**<br>**Плански развој на градот** | Фотоволтаични централи на неземјоделски обработливи земјоделски површини<br>Поставување на фотоволтаични панели на локални објекти<br>Градење на отворен базен и терени за рекреација |
| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Надлежноста на Општина Гевгелија од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата, Општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите.** | |
| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Нема соодветен кадар за животна средина**<br>**Нема ЛЕАП 18 години**<br>**Диви депонии, несоодветен третман на отпад** | Капитални инвестиции<br>Потенцијал за циркуларна економија од Био отпад, термални води<br>ТИРЗ<br>Стратегии кои ги нема |
| **Чиста општина и ефикасно комунално претпријатие** | Брана Конско како туристичка атракција<br>Кожуф – национален парк |
| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Општина Гевгелија, има донесено План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на Општина Гевгелија, годишен план за заштита и спасување од поројни врнежи и поплави 2023-2024, како и** | Гевгелија е регионален центар за управување со кризи |

| Јаки страни | Слабости |
|---|---|
| **Внатрешен поглед** | |
| **Идеална географска позиција со транзит на туристи, посетени угостителски и гастрономски локации, со посетени казина од страна на Република Грција и други посетители**<br>**Планиран развој на град, уреден со детални урбанистички планови**<br>**Ниска невработеност** | Слаба образовна структура, со тенденција на намалување на бројот на ученици во основно и средно образование<br>99,4% од претпријатијата се микро, мали и средни<br>Тенденција за миграција од село во град, со притисок на постоечката урбана инфраструктура<br>Недоволен број стратегии/планови за управување со клучните сегменти за одржлив развој (пр. ЛЕАП) |
| **Можности** | Закани |
| **Надворешен поглед** | |
| **Фокус на развивање на органско земјоделско производство, со фокус на креирање на бренд**<br>**Заеднички пристап со приватниот сектор во проширување на туристичката понуда**<br>**Отворање на границите со Република Грција (како идна членка на ЕУ) ќе придонесе за уште поголем број туристи и посетители**<br>**Фокус на задржување на младите во креативни дејности, поддршка на младински центар**<br>**Ангажирање надворешни лица за одржување на економските активности на операторите во општината** | Потреба од позитивна законска регулатива за заштита на животната средина, како на пример фотоволтаици, при урбаниот раст, но и притисок на комуналната инфраструктура<br>Зголемена миграција село-град, но и иселување на младите со што населението старее |
| **процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општина Гевгелија, ажурирана 2022 година** | |

*Табела 1: Клучни наоди од социо-економската и анализата на животната средина*

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните

чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- ✓ Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?

- ✓ Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- ✓ Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- ✓ Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Општинскиот развоен тим организираше тематски состанок со засегнатите страни кои резултираа со SWOT анализи. Табелите на тематските SWOT анализи е приложен како Анекс 2 на ИЛРП.

Во продожение во табела 2, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од ЛРТ во која се интегрирани и наодите од тематските SWOT анализи.

*Табела 2: Интегрална SWOT анализа*



2024 – 2027

# 7. ВИЗИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# 7. ВИЗИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Визијата на Општина Гевгелија е да претставува посакувано место за живеење за сите граѓани во општината како резултат на паметно управување со ресурси, синхронизација на локалните со националните политики и привлекување на одговорни и одржливи домашни и странски инвестиции, придонесувајќи пограничниот регион да напредува во економска, социјална и културна сфера.

Општина Гевгелија, со овој План, има за цел да обезбеди инклузивно управување кое вклучува партнерство со граѓаните, приватниот, граѓанскиот и јавниот сектор, посебно грижејќи се за ранливите групи лица, за кои ќе се стреми да организира квалитетни услуги



2024 - 2027

# 8.СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# 8. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Стратешките цели се дефинираат за областите во надлежност на општините согласно со Законот за локалната самоуправа. Со стратешките цели Општина Гевгелија се стреми кон:

1. Зголемена отпорност на населените места во општината преку зголемување на површината под урбанистички планови за 20% со валидно времетраење и во плановите се адресирани просторни ризици поврзани со природни настани – климатски и еколошки влијанија и аерозагадувањето, како и преку оформување на пешачка зона во централното подрачје, заедно со минимум 2 км нови велосипедски патеки вон градот, и поставување на фотоволтаици на минимум два општински објекти.
2. Унапреден е квалитетот и зголемен е опфатот на население со комунални услуги преку обнова на 20% од мрежата за водоснабдување и 20% од мрежата за одведување на отпадни води, изградба на нови 2 км водоводна мрежа и 2 км канализација и зголемен е бројот на корисници на водните услуги за 10%, изградба и ставање во употреба станицата за пречистување на отпадните води во населените места како и изградба на една претоварна станица за комунален отпад.
3. Обезбедување инклузивно, интегрирано и квалитетно основно и средно образование во функција на забрзан социоекономски развој на општината преку проширување на опфатот на децата во градинките, воведување минимум една нова услуга за највозрасните лица во општината,како и услуга за жени жртви на родово базирано насилство, изградба на ново училиште во западниот дел на градот,образовни асистенти во гимназија.
4. Овозможување развој на општината преку одржливо управување со културното и природно наследство преку зголемен број на културни манифестации за 10%, воспоставени минимум едно јавно-приватни партнерства за развој на културните и креативни индустрии (туризмот, занаетчиството и други поврзани економски гранки) и основан Младински центар каде ќе се спроведуваат активности и програми за подобрување на благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, како и други аспекти од животот на младите со цел намалување на нивната пасивност и поголема застапеност во донесување на одлуки на локално ниво.
5. Унапредување на спортот и рекреацијата во општината преку трансформирање на минимум два спортски објекти во енергетски ефикасни објекти, создадавање на минимум два спортски клуба на жените во општината и формирање на минимум две нови спортски екипи во училиштата од кои минимум една за девојчиња.
6. Зголемување на бројот на странки и домашни посетители за 20%, преку обезбедување поголема промоција на туристичкиот потенцијал на Гевгелија, и зајакнување на локални иницијативи и засегнати страни на локално ниво со цел да се создадат конкретни туристички производи. Туристичкиот потенцијал ќе се реализира преку стандардни но и современи начини на промоција.



2024 - 2027

# 9.РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

# 9. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2021 и 2022 година и на вкупни расходи по надлежности за 2021 и 2022 година. Наодите се орезентирани во трите табели подолу.

| Приходна сметка | 2021 | 2022 | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % промена на структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет на општините** | 82,564,534 | 94,917,921 | 1.149 | 32.297532 | 34.538731 | 2.2411988 |
| **Донации** | 2,110,297 | 1,721,160 | 0.815 | 0.8255044 | 0.6262957 | -0.199208726 |
| **Кредити** | 6,060,7526 | 0 | / | 2.3708404 | 0 | -2.37084 |
| **Самофинансирачки активности** | 127,555 | 806,809 | 6,325 | 0.0498969 | 0.2935816 | 0.2436848 |
| **Дотации** | 164,774,146 | 177,370,000 | 1,076 | 64.456226 | 64.541392 | 0.0851655 |
| **Вкупен приход** | 255,637,284 | 274,815,890 | 1.075 | 100 | 100 | 0 |

*Табела. Расходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| Расходна сметка | 2021 | 2022 | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % промена на структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет на општините** | 81,680,175 | 93,785,840 | 1.148208118 | 32.062507 | 34.379765 | 2.3172579 |
| **Донации** | 2,110,297 | 1,649,316 | 0.78155634 | 0.8283701 | 0.6046019 | -0.223768 |
| **Кредити** | 6,060,752 | 0 | 0 | 2.3790706 | 0 | -2.379071 |
| **Самофинансирачки активности** | 127,555 | 451,437 | 3.539155658 | 0.0500701 | 0.1654866 | 0.1154165 |
| **Дотации** | 164,774,146 | 176,907,126 | 1.073634003 | 64.679982 | 64.850146 | 0.1701644 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен приход** | 254,752,925 | 272,793,719 | 1.070816828 | 100 | 100 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| Потпрограма/Наслов на проектот/Мерка во ИЛРП | Стратешка цел/и на ИЛРП кон кои потпрограмата/проектот придонесува | 2 |
| | Специфична програмска цел/и на ИЛРП кон кои придонесува потпрограмата/проектот | |
| Потпрограма/Носител на проектот (одберете од предложената листа) | Општина Гевгелија | |
| Партнери за имплементација | / | |
| Потпрограма/Позадина на проектот со опис на предизвикот/-ците што треба да се адресираат | **Реконструкција на водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки)** | |
| Краток опис – Како ќе се адресира предизвикот | Постојните системи за водоснабдување во населените места исто како и во градот Гевгелија, во најголем дел се изградени со употреба на водоводни цевки произведени од материјали кои содржат елементи штетни за здравјето на луѓето (азбестно-цементни цевки). Водоводните мрежи поради застареноста во најголем дел се неадекватни и дисфункционални и подложни на оштетувања. Со проектот се предвидува замена на азбестно-цементни цевки водоводните мрежи, во сите населени места со водоводни цевки од материјали, кои не се штетни по здравјето на луѓето и се со поголем капацитет како би се задоволиле зголемените потреби од вода за пиење. Со реконструкцијата ќе се постигне подобрување на водоснабдувањето, заштита на здравјето на граѓаните и намалување на загубите на вода. | |
| Работни пакети - групи на акции/активности (макс. 4 страници) | Реализацијата етапно се одвива со реконструкција на водоводната линија на одредени улици, но поради комплексноста на проектот неговата реализација и во иднина ќе се одвива во фази. | |
| Детална временска рамка со опис на очекуваните резултати и показатели за успех (на ниво на исход и излезен резултат) (макс. 2 страници) | Подобрување на водоснабдувањето на населените места, заштита на здравјето на граѓаните и намалување на загубите на вода. | |
| Ризици и претпоставки - Акции за ублажување на ризикот (макс. 1 страница) | Недостиг на финансиски средства потребни за реализација на проектот. | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Интеграција на родовата перспектива и потребите на жените и мажите во планирањето, дизајнирањето, изградбата и управувањето со различните аспекти на комуналната инфраструктура, вклучувајќи водоводна мрежа, канализација, улична осветлување, превоз и сл. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Веќе спроведени подготвителни активности/чекори | ● Техничката документација е завршена<br>● Добиени се градежни дозволи<br>● **Нема техничка документација** | | |
| Статус на потпрограмата/проектот | а) на ниво на проектна идеја, без дополнително разработување на активностите и/или документите за имплементација на проектот<br>**б) делумно развиен, но потребна е дополнителна документација**<br>в) скоро целосно развиен и подготвен за имплементација | | |
| Период на реализација на потпрограмата/проектот | 2010-2027 | | |
| Очекувани вкупни трошоци | 30.000.000 | Досега инвестирано: Износ и извор | / |
| Очекувани извори на финансирање :<br>- Комерцијални кредити<br>- Светска банка,<br>- Сопствено учество | | | |
| Општински буџет | Износ | | |
| Друг извор (наведете ги поединечните извори на финансирање) | Износ<br>30.000.000 | | |

| | | |
|---|---|---|
| Потпрограма/Наслов на проектот/Мерка во ИЛРП | Стратешка цел/и на ИЛРП кон кои потпрограмата/проектот придонесува | 2 |
| | Специфична програмска цел/и на ИЛРП кон кои придонесува потпрограмата/проектот | |
| Потпрограма/Носител на проектот (одберете од предложената листа) | ● **Општина Гевгелија** | |
| Партнери за имплементација | | |
| Потпрограма/Позадина на проектот со опис на предизвикот/-ците што треба да се адресираат | **Заобиколен пат околу Гевгелија (Јужен Булевар)** | |
| Краток опис – Како ќе се адресира предизвикот | Заобиколниот пат околу Гевгелија односно изградба на тн. „Јужен Булевар“, кој ќе биде продолжение на ул.„Св.Климент Охридски“ (Булевар Гевгелија од населба Караорман до Моински пат кај Динќут) од крстосницата на Моински пат, претставува заобиколен пат, почнувајќи од Моински пат (Регионален пат Р-112 Гевгелија-Н.Конско-Смрдлива вода) кој се движи од јужната страна на градот, од левата страна на Сува река, по насипот на реката и се спојува со | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ул.”Железничка”, пред железничкиот мост на пругата Гевгелија-Р.Грција, на југоисточната страна на градот. Дел од овој проект е тесно поврзан со регулацијата на коритото на Сува река, и со негова реализација ќе се овозможи изградба на брза сообраќајница за заобиколување на градот на товарниот и останатиот сообраќај, оформување на заштитен појас кон Сува Река и проширување, односно отворање на нови површини за градба кои се опфатени со урбаниот опфат на градот. | | |
| Работни пакети - групи на акции/активности<br>(макс. 4 страници) | 1. Изработка на инвестиционо техничка документација (геодетски елаборати, проект за инфраструктура, основен проект);<br>2.Изградба на долен строј на сообраќајницата, со претходно поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа;<br>3. Изградба на горен строј и асфалтирање на сообраќајницата; 4.Изградба на тротоарите, улично осветлување и целосно партерно и хортикултурно уредување. | | |
| Детална временска рамка со опис на очекуваните резултати и показатели за успех (на ниво на исход и излезен резултат)<br>(макс. 2 страници) | 2012-2027<br>Изградба на брза модерна сообраќајница која ќе овозможи забрзан развој на јужниот дел од градот опфатен со ГУП, Изградба на заштитен појас кон Сува Река и регулација на речното корито, отварање на нови површини за градба како и префрлување на транзитниот сообраќај. | | |
| Ризици и претпоставки - Акции за ублажување на ризикот<br>(макс. 1 страница) | Недостиг на финансиски средства за реализација на проектот | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Задоволување на потребите на заедницата за безбедно патување, и вклучување на родовите аспекти во рамки на изградбата, одржувањето и управувањето со патната мрежа. | | |
| Веќе спроведени подготвителни активности/чекори | • Техничката документација е завршена<br>• Добиени се градежни дозволи<br>• **Нема техничка документација** | | |
| Статус на потпрограмата/проектот | **а) на ниво на проектна идеја, без дополнително разработување на активностите и/или документите за имплементација на проектот**<br>б) делумно развиен, но потребна е дополнителна документација<br>в) скоро целосно развиен и подготвен за имплементација | | |
| Период на реализација на потпрограмата/проектот | 2012-2027 | | |
| Очекувани вкупни трошоци | 120.000.000 | Досега инвестирано: Износ и извор | /<br>2.512.220<br>Буџет на општина Гевгелија |
| Очекувани извори на финансирање :<br>- Комерцијални кредити<br>- Светска банка, Европска инвестициска банка | | | |

| | |
|---|---|
| - Сопствено учество | |
| Општински буџет | Износ<br>20.000.000 |
| Друг извор (наведете ги поединечните извори на финансирање) | Износ<br>100.000.000 |

<table>
<tr><td rowspan="2">Потпрограма/Наслов на проектот/Мерка во ИЛРП</td><td>Стратешка цел/и на ИЛРП кон кои потпрограмата/проектот придонесува</td><td>2. 6</td></tr>
<tr><td>Специфична програмска цел/и на ИЛРП кон кои придонесува потпрограмата/проектот</td><td></td></tr>
<tr><td>Потпрограма/Носител на проектот (одберете од предложената листа)</td><td colspan="2">• Општина Гевгелија</td></tr>
<tr><td>Партнери за имплементација</td><td colspan="2">• Општина Гевгелија</td></tr>
<tr><td>Потпрограма/Позадина на проектот со опис на предизвикот/-ците што треба да се адресираат</td><td colspan="2">Изградба на општински пат Конско-Серменин-Миравци</td></tr>
<tr><td>Краток опис – Како ќе се адресира предизвикот</td><td colspan="2">Севкупниот развој на Општина Гевгелија, бара нови простори и нови комуникациски поврзувања во северниот дел на општината. Патот Конско-Серменин-Миравци, ќе овозможи поврзување и на населените места Кованец, Габрово и Петрово, но и поврзување на Ски-центарот Кожуф, Браната Конско, Ума и Смрдлива вода со Автопатот Е-75. Целиот простор јужно и северно од патот, ќе понуди нови можности за локалниот економски развој. Пресметковна вредност на проектот е околу 720.000.000,00 денари, а за 2024/2025 година се предвидени расходи за започнување на постапка за регистрација на патот во мрежата на јавни патишта и за активности околу изработката на проектна документација.</td></tr>
<tr><td>Работни пакети - групи на акции/активности<br>(макс. 4 страници)</td><td colspan="2">1. Изработка на проектна документација (идеен и основен проект, геодетски и др.елаборати);<br>2.Изградба на долен строј на патот;<br>3. Изградба на горен строј и асфалтирање на патот.</td></tr>
<tr><td>Детална временска рамка со опис на очекуваните резултати и показатели за успех (на ниво на исход и излезен резултат)<br>(макс. 2 страници)</td><td colspan="2">2024 – 2027<br>Изградба на нов пат кој ќе овозможи забрзан економски развој на северниот дел на општината, ново поврзување на повеќе населени места и туристички локалитети со Автопатот Е-75</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ризици и претпоставки - Акции за ублажување на ризикот (макс. 1 страница) | Недостиг на финансиски средства за реализација на проектот | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Задоволување на потребите на заедницата за безбедно патување, и вклучување на родовите аспекти во рамки на изградбата, одржувањето и управувањето со патната мрежа. | | |
| Веќе спроведени подготвителни активности/чекори | • Техничката документација е завршена<br>• Добиени се градежни дозволи<br>• **Нема техничка документација** | | |
| Статус на потпрограмата/проектот | **а) на ниво на проектна идеја, без дополнително разработување на активностите и/или документите за имплементација на проектот**<br>б) делумно развиен, но потребна е дополнителна документација<br>в) скоро целосно развиен и подготвен за имплементација | | |
| Период на реализација на потпрограмата/проектот | 2024-2027 | | |
| Очекувани вкупни трошоци | 720.000.000 | Досега инвестирано:<br>Износ и извор | /<br><br>/ |
| Очекувани извори на финансирање :<br>- Комерцијални кредити<br>- Светска банка, Европска инвестициска банка<br>- Сопствено учество | | | |
| Општински буџет | Износ<br>20.000.000 | | |
| Друг извор (наведете ги поединечните извори на финансирање) | Износ<br>700.000.000 | | |

| | | |
|---|---|---|
| Потпрограма/Наслов на проектот/Мерка во ИЛРП | Стратешка цел/и на ИЛРП кон кои потпрограмата/проектот придонесува | 2 |
| | Специфична програмска цел/и на ИЛРП кон кои придонесува потпрограмата/проектот | |
| Потпрограма/Носител на проектот (одберете од предложената листа) | • **Општина Гевгелија** | |
| Партнери за имплементација | / | |
| Потпрограма/Позадина на проектот со опис на предизвикот/-ците што треба да се адресираат | **Примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ“ Гевгелија** | |

| | |
|---|---|
| Краток опис – Како ќе се адресира предизвикот | За Изградба на примарна и секундарна сообраќајна мрежа, водоводна мрежа, канализациона мрежа и улично осветлување за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ“ Гевгелија, изработен е Основен проект, со кој е предвидена изградба на следните содржини: Оска „1“ од км.0+013,88 до км.0+328,09, Оска „2“ од км.0+007,43 до км.0+428,01, Оска „3“ од км.0+000,00 до км.0+776,29, Оска „4“ од км.0+006,44 до км.0+429,18, Оска „5“ од км.0+020,00 до 0+178,87, Надпатник на км.0+178,21 по Оска „1“-втора фаза, Три Кружни тока (1, 2 и 3), Фекална и Атмосферска канализациона мрежа, Водоводна мрежа и Електрика – улично осветлување. Во текот на 2021 година започната е изградбата и на новопланираната улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) од УПВНМ граничен премин Богородица со изведена сообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат А1 (Е75) За изградба на оваа улица (должина на улицата -главна улица, сервисни улици и приоди е 1276 м) изработен е Основен Проект за Поврзување на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) од УПВНМ граничен премин Богородица со изведена сообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат А1 (Е75), тех.бр.09-102020 од Октомври 2020 година од проектантот ДПИУТ „ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола. Предметот на договорот кој е завршен во 2023 година опфаќа реализација на фаза I, што опфаќа изведување на припремни работи, изведба на долен строј и дел од горен строј на улиците. |
| Работни пакети - групи на акции/активности (макс. 4 страници) | Реализацијата на овие два проекти кои претставуваат една целина се одвива во фази и тоа: 1.Изградба на долен строј на сообраќајниците, со претходно поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа и електрична инсталација; 2. Изградба на горен строј и асфалтирање на сообраќајниците; и 3.Изградба на тротоарите, улично осветлување и целосно партерно и хортикултурно уредување. |
| Детална временска рамка со опис на очекуваните резултати и показатели за успех (на ниво на исход и излезен резултат) (макс. 2 страници) | 2015-2026<br>Со реализација на проектот ќе се овозможи изградба на предвидените содржини со Урбанистичкиот план за „Милци’ (хотелски и деловни објекти), што ќе овозможи вработување на голем број лица и ќе овозможи развој на локалната економија |
| Ризици и претпоставки - Акции за ублажување на ризикот (макс. 1 страница) | Недостиг на финансиски средства |
| Родова респонзивност (краток опис) | Задоволување на потребите на заедницата за безбедно патување, и вклучување на родовите аспекти во рамки на изградбата, одржувањето и управувањето со комунална мрежа. |
| Веќе спроведени подготвителни активности/чекори | • **Техничката документација е завршена** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Статус на потпрограмата/проектот | **а) целосно развиен и подготвен за имплементација** | | |
| Период на реализација на потпрограмата/проектот | 2015-2026 | | |
| Очекувани вкупни трошоци | 115.387.361 | Досега инвестирано: Износ и извор | 79.141.435 Буџет на општина Гевгелија |
| Очекувани извори на финансирање : | | | |
| Општински буџет | Износ | | |
| Друг извор (наведете ги поединечните извори на финансирање) | Износ 36.245.926 | | |

| | | |
|---|---|---|
| Потпрограма/Наслов на проектот/Мерка во ИЛРП | Стратешка цел/и на ИЛРП кон кои потпрограмата/проектот придонесува | 1, 2 |
| | Специфична програмска цел/и на ИЛРП кон кои придонесува потпрограмата/проектот | |
| Потпрограма/Носител на проектот (одберете од предложената листа) | • **Општина Гевгелија** | |
| Партнери за имплементација | • **Општина**<br>• **Светска банка** | |
| Потпрограма/Позадина на проектот со опис на предизвикот/-ците што треба да се адресираат | **Продолжување на Булевар Гевгелија (Изградба на ул.„Свети Климент Охридски“) во Гевгелија** | |
| Краток опис – Како ќе се адресира предизвикот | Со изградба на ул.„Свети Климент Охридски“ (Продолжување на Булевар Гевгелија) во Гевгелија, со должина од 1300 м до поврзувањето со Моински пат (Регионален пат Р-112 Гевгелија-Н.Конско-Смрдлива вода), ќе се овозможи целосно префрлување на транзитниот сообраќај кој сега се одвива низ градот, добивање на модерна сообраќајница која ќе овозможи забрзан развој на западниот дел од градот опфатен со Генералниот урбанистички план. Во периодот од 2012 до 2014 година во две фази целосно е изградена делницата со должина од 462 м кон запад, почнувајќи од крстосницата со Западна собирна улица, каде е изграден нов кружен тек и по текот на целата делница изградена е комплетна инфраструктура со поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа и улично осветлување како и изградба на АБ мост на каналот Рауљ. За целосното довршување на Булеварот односно продолжувањето кое сега е ул.„Свети Климент Охридски“, во 2015 година изработен е геодетски елаборат за експропријација и започната е | |

| | |
|---|---|
| | постапка за изработка на техничка документација (Основен проект), по што ќе следи реализација на проектот во фази. Во 2019/2020 година е завршена експропријацијата и Основниот проект и во 2021 е започната неговата реализација односно фаза I, што опфаќа изведување на припремни работи, изведба на долен строј, и три пропусти. Вредноста на овие работи изнесува 14.032.790,10 денари, а работите за оваа фаза треба да завршат до крајот на 2023 година. Во текот на 2023 година со средства обезбедени од кредит од Комерцијална Банка АД Скопје започната е изведба на фаза 2 што опфаќа поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа. Вредноста на работите од оваа фаза изнесува 40.168.629,00 денари, а работите треба да бидат завршени до крајот на 2023 година. Останува за изведба изградба на горен строј и асфалтирање на сообраќајницата и изградба на тротоарите, улично осветлување и целосно партерно и хортикултурно уредување, а овие работи е предвидено да се довршат со средства од трансфери од домашни институции и сопствени средства на општината. |
| Работни пакети - групи на акции/активности<br>(макс. 4 страници) | 1.Изградба на долен строј на сообраќајницата, со претходно поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа и електрична инсталација;<br>2. Изградба на горен строј и асфалтирање на сообраќајницата;<br>3.Изградба на тротоарите, улично осветлување и целосно партерно и хортикултурно уредување. |
| Детална временска рамка со опис на очекуваните резултати и показатели за успех (на ниво на исход и излезен резултат)<br>(макс. 2 страници) | 2015-2025<br>Резултати: Изградба на брза модерна сообраќајница која ќе овозможи забрзан развој на западниот дел од градот опфатен со ГУП, отворање на нови површини за градба како и префрлување на транзитниот сообраќај кон регионален пат Р-112, кој сега се одвива низ градот, |
| Ризици и претпоставки - Акции за ублажување на ризикот<br>(макс. 1 страница) | Недостиг на финансиски средства за реализација на проектот |
| Родова респонзивност (краток опис) | Задоволување на потребите на заедницата за безбедно патување, и вклучување на родовите аспекти во рамки на изградбата, одржувањето и управувањето со патната мрежа. |
| Веќе спроведени подготвителни активности/чекори | • **Техничката документација е завршена**<br>• **Добиени се градежни дозволи**<br>• Итн. |
| Статус на потпрограмата/проектот | а) на ниво на проектна идеја, без дополнително разработување на активностите и/или документите за имплементација на проектот<br>б) делумно развиен, но потребна е дополнителна документација<br>**в) скоро целосно развиен и подготвен за имплементација** |
| Период на реализација на потпрограмата/проектот | 2015-2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Очекувани вкупни трошоци | 100.000.000 | Досега инвестирано: Износ и извор | 10.900.410 Сопствени извори/Буџет на општина Гевгелија |
| Очекувани извори на финансирање :<br>- Комерцијални кредити – Комерцијална банка АД Скопје<br>- Светска банка,<br>- Сопствено учество | | | |
| Општински буџет | Износ<br>/ | | |
За првиот сегмент од спроведувањето, се подготвува акциски план за спроведување на целите, приоритетите и мерките со буџетската рамка. Вториот и третиот сегмент на имплементацијата се следат преку Базата на податоци на другите учесници во развојот. Базата содржи информации за планираните инвестиции, проекти и активности кои се планираат и се спроведуваат од страна на споменатите засегнати страни и ќе придонесат за постигнување на нашите цели. Со цел да се контролира спроведувањето на поставените цели, неопходно е да се воспостави систем за следење и известување, заснован врз базата на податоци и врз извештаите за постигнатите резултати. Целта на системот за мониторинг и известување е да се обезбедат доволно информации за евалуација кои ќе им помогнат на носителите на спроведувањето на ИПЛР, и тоа за следните елементи:

- Успешно постигнување на поставените цели за одреден период;
- Причините за евентуалниот недостаток на поставените цели;
- Потребните ресурси (материјални, човечки, финансиски) за постигнување на планираните цели;
- Релевантност на планираните приоритети и мерки;
- Финансиска ефикасност во спроведувањето на мерките.

Имплементацијата на ИЛРП се врши преку Акцискиот план за имплементација и врз основа на веќе утврдените приоритети и мерки. Планот за имплементација дава преглед на приоритетните проекти и на најважните елементи за нивно спроведување/имплементација. Акцискиот план за спроведување на ИПЛР се подготвува и се усвојува заедно со Буџетот за следната фискална година. Основата за подготовка на Акцискиот план е координацијата меѓу главните засегнати страни на локално ниво. Носители на подготовката на Акцискиот план се претставници на општинската администрација (ЛЕР одделение), кои се во интензивна соработка со тимот за изработка и со идното тело одговорно за следење и мониторинг на ИПЛР.

План за следење Едноставен метод за следење на постигнатите резултати наспроти клучните индикатори за успешност, којшто најдобро и наједноставно може да се претстави табеларно:

| Број Проект | Име на проект | Статус на проектот | Остварени резултати | Дополнителни коментари |
|---|---|---|---|---|
| | | Завршен | | |
| | | Делумно завршен | | |
| | | Реализацијата не е започната | | |




2024 - 2027

# 11.ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП

# 11.ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП

Следењето на спроведувањето на Планот ќе се врши и на ниво на реализација на планираните активности и резултати и на ниво на успешност во однос на остварување на стратешките цели. На стратешко ниво, локалната самоуправа ќе врши периодична оценка за спроведувањето на планот по изминување на 4 години од нејзиното донесување. Препораките од периодичната евалуација ќе се користат по потреба за ревизија на развојните планови. Многу е важно континуирано да се следат сите индикатори како се реализираат плановите, и да бидат почетна однова за изготвување на следната Стратегија за локален економски развој.

Успешноста на ИЛРП ќе се оценува според следните критериуми:

- Важност: Дали целите и резултатите од планот кореспондираат со потребите и приоритетите на локалниот економски развој?
- Ефективност: Степенот до кој се постигнати целите, односно дали мерките и активностите ги дадоа очекуваните резултати? Дали можеше да се постигне повеќе?
- Ефикасност: Дали се искористени сите расположливи ресурси во спроведувањето на развојните планови? Дали целите и резултатите беа постигнати со најмали можни ресурси?
- Одржливост: Дали мерките и активностите што се спроведуваат во рамките на планот се одржливи и дали ќе имаат позитивни ефекти врз локалниот економски развој на општината и по завршувањето на периодот на 2024-2027 година?

Системот за мониторинг и известување се базира врз два клучни елементи:

- базата на податоци која содржи информации за постигнатите резултати и
- извештаите кои треба да обезбедат информации за постигнатите резултати на концизен и јасен начин.

Проектната база ќе обезбеди увид во проектите и нивниот статус на сите засегнати страни вклучени во локалниот развој (деловните субјекти, јавните претпријатија, институциите, Општината, граѓанскиот сектор итн.), кои придонесуваат за постигнување на целите на ИЛРП. Проектната база ќе биде воспоставена по усвојувањето на ИЛРП од Советот на општината и ќе се следи и надополнува континуирано во текот на програмскиот период. Базата се воспоставува единствено заради систематски преглед на активностите во општината. Еднаш годишно ќе се бара известување од носителот/-ите на проектот за статусот на проектот. За целите на имплементацијата, се формира Координативен одбор/тело за следење и мониторинг на Интегрираниот план за локален развој 2024 – 2027, со Одлука на Советот на Општината. Подготовката на Извештајот административно ќе ја води, ќе ја помага и поддржува Одделението за локален економски развој. Извештајот го усвојува Советот на Општината. Извештајот за имплементација на проектот се состои од финансиски и описен дел. Во финансискиот извештај накратко се опишува нивото на финансиската реализација во однос на планираниот процент на реализација на проектот, роковите, изворите на финансирање и други потребни информации. Дескриптивниот дел накусо ги опишува постигнатите конкретни резултати од спроведените развојни мерки во извештајниот период, користејќи соодветни индикатори за резултатите (за секоја мерка/активност утврдена во ИЛРП, се избира соодветен индикатор). Извештајот, исто така, ги опишува главните засегнати страни вклучени во спроведувањето на проектот и изготвувањето на извештајот, како и реализацијата на планираните средства и постигнатите резултати според планираните мерки.

Евалуација






# АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

# АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

## Демографски податоци за општина Гевгелија

Согласно податоците на Државниот завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година, вкупното резидентно население во општина Гевгелија изнесува 21.582 жители.

Табела 3: Демографски податоци според типот на населено место во општина Гевгелија

| Тип на населено место | Градско | Селско | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број на жители** | 15,156 | 6,426 | 21,582 |
| **Процентуална застапеност во бројот на вкупно население** | 70% | 30% | 100% |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Според типот на населено место во општина Гевгелија, во градските населени места живеат вкупно 15.156 жители или вкупно 70% од вкупното население, а во селските населени места живеат 6.426 жители или 30% од вкупното население.

Табела 4: Вкупно резидентно население по 5 годишни возрасни групи и пол во општина Гевгелија

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени | Структура |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 21,582 | 10,700 | 10,882 | 100% |
| **0-4** | 1,008 | 486 | 522 | 5% |
| **5-9** | 1,056 | 540 | 516 | 5% |
| **10-14** | 1,076 | 547 | 529 | 5% |
| **15-19** | 1,009 | 515 | 494 | 5% |
| **20-24** | 1,050 | 534 | 516 | 5% |
| **25-29** | 1,182 | 603 | 579 | 5% |
| **30-34** | 1,340 | 685 | 655 | 6% |
| **35-39** | 1,694 | 872 | 822 | 8% |
| **40-44** | 1,600 | 832 | 768 | 7% |
| **45-49** | 1,573 | 831 | 742 | 7% |
| **50-54** | 1,515 | 773 | 742 | 7% |
| **55-59** | 1,597 | 800 | 797 | 7% |
| **60-64** | 1,706 | 827 | 879 | 8% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **65-69** | 1,516 | 681 | 835 | 7% |
| **70-74** | 1,178 | 535 | 643 | 5% |
| **75-79** | 728 | 306 | 422 | 3% |
| **80-84** | 523 | 250 | 273 | 2% |
| **85-89** | 187 | 67 | 120 | 1% |
| **90-94** | 42 | 15 | 27 | 0% |
| **95-99** | 2 | 1 | 1 | 0% |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Демографски податоци според пол во општина Гевгелија се прикажани во табела, од која може да се забележи дека мажите и жените учествуваат скоро еднакво во вкупниот број на население, односно мажи има вкупно 10,700 или 49,6 % од вкупното население, а бројот на жени е  10,882 или 50,4 % од вкупниот број на жители. Евидентно е дека во општина Гевгелија повозрасните старосни групи од 65+ години учествуваат со мал процент од 19,3% од вкупниот број на население (од кои 2,321 жени и 1,855 мажи).

Младите возрасни групи од 0-19 години учествуваат со вкупен процент од 19,2% од вкупниот број на население или 4.149 жители. Работоспособното население го сочинуваат возрасните групи од 20-64 години, со вкупна застапеност од 61,4% од вкупното население или 13.257 жители (од кои 6,757 мажи и 6,500 жени), кој податок укажува дека општината има потенцијал за економски развој.

Табела 5:  Стапка на природен прираст  на 1000 жители 2016-2022

| Година | Број на жители | Живородени деца | Умрени | Стапка на наталитет | Стапка на морталитет | Стапка на природен прираст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016** | 22,706 | 241 | 278 | 10.6 | 12.2 | -1.6 |
| **2017** | 22,671 | 234 | 260 | 10.3 | 11.5 | -1.1 |
| **2018** | 22,647 | 232 | 276 | 10.2 | 12.2 | -1.9 |
| **2019** | 22,556 | 197 | 276 | 8.7 | 12.2 | -3.5 |
| **2020** | 22,431 | 170 | 309 | 7.6 | 13.8 | -6.2 |
| **2021** | 21,613 | 153 | 378 | 7.1 | 17.5 | -10.4 |
| **2022** | 21,467 | 178 | 322 | 8.3 | 15.0 | -6.7 |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Во претходната табела се прикажани податоци за број на живородени деца, број на умрени, стапката на наталитет, стапката на морталитет и стапката на природен прираст. Од податоците може да се забележи дека од 2016 година до 2022 година постои негативен природен прираст, односно дека стапката на наталитет е многу помала во однос на стапката на морталитет. Гледано за сите години кои се предмет на статистика, просечната стапка на природен прираст е – 4.5, што значи дека има тренд на стареење на населението. Евидентно е дека стапката на морталитет се зголемува во 2020, 2021 и 2022 година како резултат на големата смртност поради Ковид -19, а здравствената криза и психолошката криза која го зафати општеството консеквентно влијаеше и врз стапката на наталитет.

Табела 6: Вкупно доселени и отселени граѓани во општина Гевгелија

| Година | Вкупно доселени | Доселени од друга општина | Доселени од друго место во иста општина | Доселени граѓани од други држави | Вкупно отселени | Отселени од друга општина | Отселени од друго место во иста општина | Отселени граѓани во други држави |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2012** | 77 | 57 | 18 | 2 | 77 | 57 | 18 | 2 |
| **2013** | 75 | 57 | 18 | - | 77 | 57 | 18 | 2 |
| **2014** | 79 | 50 | 26 | 3 | 84 | 58 | 26 | - |
| **2015** | 116 | 81 | 34 | 1 | 104 | 70 | 34 | - |
| **2016** | 114 | 73 | 40 | 1 | 118 | 78 | 40 | - |
| **2017** | 115 | 61 | 49 | 5 | 124 | 75 | 49 | - |
| **2018** | 116 | 74 | 35 | 7 | 96 | 61 | 35 | - |
| **2019** | 133 | 73 | 51 | 9 | 145 | 79 | 51 | 15 |
| **2020** | 110 | 62 | 44 | 4 | 96 | 52 | 44 | - |
| **2021** | 161 | 101 | 54 | 6 | 135 | 79 | 54 | 2 |
| **2022** | 188 | 106 | 75 | 7 | 156 | 81 | 75 | - |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Во табеларниот приказ се прикажани податоци за бројот на вкупно доселени и отселени граѓани во општина Гевгелија, од која може да се забележи дека флуктуацијата на население, односно доселени во однос на отселени лица во текот на една година не бележи некои драматични одливи или приливи на жители, дури се забележува позитивен тренд на населување во 2021 и 2022 година, кој факт укажува дека општина Гевгелија е економски просперитетна општина која обезбедува квалитетни услови за живот на граѓаните.

Согласно податоците на Државниот завод за статистика од Пописот од 2021 година, вкупното резидентно население во општина Гевгелија изнесува 21.582 жители. Според типот на населено место во општина Гевгелија, во градските населени места живеат вкупно 15.156 жители или вкупно 70% од вкупното население, а во селските населени места живеат 6.426 жители или 30% од вкупното население.

Работоспособното население го сочинуваат возрасните групи од 20-64 години, со вкупна застапеност од 61,4% од вкупното население или 13.257 жители, кој податок укажува дека општината има потенцијал за економски развој. Постои негативен природен прираст, односно дека стапката на наталитет е многу помала во однос на стапката на морталитет. Гледано за сите години кои се предмет на статистика од 2016 до 2022 година, просечната стапка на природен прираст е – 4.5, што значи дека има тренд на стареење на населението. Постои позитивен тренд на населување во 2021 и 2022 година, кој факт укажува дека општина Гевгелија е економски просперитетна општина која обезбедува квалитетни услови за живот на граѓаните.

## Економски податоци за општина Гевгелија

На ниво на општина, економската анализа служи како витална алатка за разбирање и подобрување на локалната економска динамика. Со искористување на податоците за деловните субјекти, угостителските и

сместувачките капацитети и земјоделските сектори, оваа анализа има за цел да ги посочи главните економски активности. Таквите информации ја формираат основата за информирани одлуки за политики, стратешко планирање и поттикнување одржлив развој.

Во општина Гевгелија, во 2020 година, има 1,211 активни деловни субјекти. Најголем дел од нив се микро деловни субјекти и истите изнесуваат 60% од вкупниот број на деловни субјекти. Малите деловни субјекти изнесуваат 38%, а средните 1.4% од вкупниот број на деловни субјекти. Во општината има 14 големи претпријатија со повеќе од 250 вработени.

Табела 7: Активни деловни субјекти по големина, состојба 31 декември

| Година | Вкупно | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|---|
| **2011** | 1,212 | 725 | 476 | 9 | 2 |
| **2012** | 1,276 | 851 | 411 | 11 | 3 |
| **2013** | 1,175 | 759 | 399 | 11 | 6 |
| **2014** | 1,190 | 785 | 384 | 14 | 7 |
| **2015** | 1,213 | 790 | 400 | 15 | 8 |
| **2016** | 1,215 | 779 | 412 | 15 | 9 |
| **2017** | 1,222 | 780 | 418 | 14 | 10 |
| **2018** | 1,222 | 755 | 443 | 13 | 11 |
| **2019** | 1,277 | 796 | 452 | 15 | 14 |
| **2020** | 1,211 | 722 | 458 | 17 | 14 |

*Извор : Државен завод за статистика*

Гледано од 2011 година до 2020 година нема зголемување на вкупниот број на деловни субјекти. Во анализираниот период (по големина на деловен субјект) има зголемување кај бројот на средните деловни субјекти од 9 на 17, и кај големите деловни субјекти од 2 на 14. Во однос на структурата на деловните субјекти по големина во општината може да се забележи дека има позначајни промени на зголемување на учеството на средните претпријатија од 1% на 1.4% и зголемување на учеството бројот на големите од 0.2% на 1.2%

Анализирано по сектори на дејност најголем број деловни субјекти во 2021 година има во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли по што следат Транспорт и складирање, Стручни, научни и технички дејности и Преработувачка индустрија. Овие сектори опфаќаат 66% од вкупниот број деловни субјекти.

Во 2021 година, во однос на 2011 година, најголемо зголемување има на бројот на деловни субјекти во секторот Стручни, научни и технички дејности од 76 на 136 деловни субјекти и во секторот Информации и комуникации од 8 на 27 деловни субјекти. Најголем пад има кај секторите Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, и кај секторот Преработувачка индустрија.

Табела 8: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, состојба 31 декември

| Година | 2011 | 2016 | 2021 | Разлика во 2021 во однос на 2011 година | Структура 2011 | Структура 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 1.212 | 1.215 | 1.143 | -69 | 100% | 100% |
| **А. Земјоделство, шумарство и рибарство** | 78 | 68 | 48 | -30 | 6% | 4% |
| **Б. Рударство и вадење на камен** | - | - | - | | | |
| **В. Преработувачка индустрија** | 177 | 150 | 125 | -52 | 15% | 11% |
| **Г. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 1 | 5 | 4 | 3 | 0% | 0% |
| **Д. Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | 3 | 3 | 2 | -1 | 0% | 0% |
| **Ѓ. Градежништво** | 40 | 68 | 64 | 24 | 3% | 6% |
| **Е. Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 419 | 372 | 321 | -98 | 35% | 28% |
| **Ж. Транспорт и складирање** | 162 | 180 | 167 | 5 | 13% | 15% |
| **З. Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 92 | 79 | 88 | -4 | 8% | 8% |
| **Ѕ. Информации и комуникации** | 8 | 12 | 27 | 19 | 1% | 2% |
| **И. Финансиски дејности и дејности на осигурување** | 4 | 5 | 4 | 0 | 0% | 0% |
| **Ј. Дејности во врска со недвижен имот** | 11 | 16 | 19 | 8 | 1% | 2% |
| **К. Стручни, научни и технички дејности** | 76 | 97 | 136 | 60 | 6% | 12% |
| **Л. Административни и помошни услужни дејности** | 8 | 9 | 25 | 17 | 1% | 2% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Љ. Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 4 | 4 | 4 | 0 | 0% | 0% |
| **М. Образование** | 17 | 14 | 16 | -1 | 1% | 1% |
| **Н. Дејности на здравствена и социјална заштита** | 46 | 53 | 58 | 12 | 4% | 5% |
| **Њ. Уметност, забава и рекреација** | 18 | 27 | 13 | -5 | 1% | 1% |
| **О. Други услужни дејности** | 48 | 53 | 22 | -26 | 4% | 2% |
| **П. Дејности на домаќинствата како работодавачи** | ... | ... | ... | | | |
| **Р. Дејности на екстратериторијални организации и тела** | ... | ... | ... | | | |

*Извор : Државен завод за статистика*

Во однос на структурата на деловните субјекти по сектори на дејност во општината, во 2021 година, најголемо учество од 28% имаат деловните субјекти во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, по што следи Транспорт и складирање со 15% и Стручни, научни и технички дејности со 12% од вкупниот број на деловни субјекти.

Во однос на тенденциите на структурата на деловните субјекти во општината може да се види дека најголемо зголемување кај учеството има кај Стручни, научни и технички дејности каде што учеството е зголемено за по 6 процентни поени. Може да се забележи пад во секторот Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли за 6 п.п. и кај Преработувачка индустрија за 4 процентни поени.

Во моментот, општина Гевгелија, има понуда на три индустриски зони: Блокотехна, Ракита и Индустриска зона Гевгелија. Во близина на селото Прдејци формирана е ТИРЗ Прдејци, која опфаќа површина од 50 хектари и се наоѓа на десната страна од магистралниот пат Е-75 каде се определени 11 урбанистички блокови за производство, дистрибуција и сервисирање за јавни административни и комерцијални услужни дејности. Меѓутоа, надлежноста на оваа зона и припаѓа на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони. Силните страни на општината во однос на Земјиште и инфраструктура се Постоење индустриски зони кои ги задоволуваат потребите на бизнисите и задоволителен капацитет на општински простории за користење на приватниот сектор.

Состојба со деловните субјекти по големина и сектор:

- Во анализираниот период (по големина на деловен субјект) има зголемување кај бројот на средните деловни субјекти од 9 на 17, и кај големите деловни субјекти од 2 на 14.
- Во 2021 година најголемо зголемување во однос на 2011 година има на бројот на деловни субјекти во секторот Стручни, научни и технички дејности од 76 на 136 деловни субјекти и во секторот Информации и комуникации од 8 на 27 деловни субјекти.

Географската положба на општина Гевгелија ја прави сосема погодна за развој на туризмот. Низ територијата на Општина Гевгелија, по долината на река Вардар (север – југ), минува автопатот Е – 75. Општината граничи со Република Грција од што произлегуваат низа предности за стопанскиот развој на општината.

Зголемување на туристичката активност се должи и на отворањето на нови хотели а особено приватни сместувачки капацитети (во 2021 година се вкупно 56 категоризирани сместувачки капацитети од физички лица: куќи, станови и соби за издавање на туристи). Понатаму, постоењето на винарии, како и збогатувањето на општинскиот културен календар, влијае на зголемување на протокот на туристи од другите делови на државата и од странство.

Угостителските и сместувачките капацитети се составен дел од економското ткиво на општината, особено во регионите зависни од туризмот или угостителството. Анализирањето на овие капацитети фрла светлина врз атрактивноста на регионот како туристичка дестинација, неговата способност да биде домаќин на посетители и потенцијалот за економска експанзија преку туристичката индустрија. Проценката на тенденциите во овие сектори овозможува стратешки инвестиции и подобрувања за да се зајакне привлечноста на областа и кај домашните и кај меѓународните посетители.

Нема најнови статистички податоци за капацитетите во угостителството и врз основа на последните расположливи податоци од Попис на капацитетите во угостителството од 2016 година може да се забележи дека општината има 68 угостителски објекти со капацитет од 2,920 лица. Истите се со површина од 11,197 м2 и вработуваат 314 лица.

Табела 9: Капацитети во угостителството, 2016 година

| Број на угостителски објекти | Број на седишта | Површина на објектите во м2 | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| **68** | 2,920 | 11,197 | 314 |

*Извор: ДЗС, Попис на капацитетите во угостителството, 2016*

Во однос на капацитетите за сместување може да се забележи дека има 11 угостителски објекти со 554 соби. Истите се со површина од 19,587 м2 и има 1,038 вработени лица.

Табела 10: Капацитети за сместување, 2016 година

| Број на угостителски објекти | Број на соби | Број на легла | Површина на објектите во м2 | Број на вработени |
|---|---|---|---|---|
| **11** | 554 | 1,114 | 19,587 | 1,038 |

*Извор: ДЗС, Попис на капацитетите за сместување, 2016*

Просечен месечен број и ноќевања на туристи во 2022 година изнесува 8,325 ноќевања од кои 56% отпаѓа на странски туристи. Во општината најголем број ноќевања имало во 2019 година. Во 2020 година се забележува пад предизвикан од пандемијата на КОВИД-19.

Табела 11: Просечен месечен број и ноќевања на домашни и странски туристи

| Година | Број на туристи | | Број на ноќевања | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Домашни туристи | Странски туристи | Домашни туристи | Странски туристи | Вкупно |
| **2011** | 964 | 3,125 | 4,333 | 4,927 | 9,260 |
| **2012** | 889 | 2,867 | 3,860 | 4,608 | 8,469 |
| **2013** | 928 | 2,938 | 4,153 | 4,859 | 9,012 |
| **2014** | 1,029 | 2,850 | 4,297 | 4,954 | 9,251 |
| **2015** | 1,096 | 2,899 | 4,745 | 4,814 | 9,560 |
| **2016** | 1,088 | 2,921 | 4,407 | 5,105 | 9,512 |
| **2017** | 1,032 | 3,174 | 3,989 | 5,427 | 9,415 |
| **2018** | 1,012 | 2,948 | 4,423 | 5,894 | 10,316 |
| **2019** | 984 | 2,857 | 4,136 | 6,516 | 10,652 |
| **2020** | 519 | 794 | 2,069 | 3,012 | 5,081 |
| **2021** | 755 | 1,918 | 3,290 | 4,954 | 8,244 |
| **2022** | 812 | 2,412 | 3,650 | 4,675 | 8,325 |
| **2023** | 916 | 3,589 | 3,658 | 5,567 | 9,225 |

*Извор: пресметки врз основа на податоци на ДЗС, за 2023 година земени се податоците заклучно со септември 2023 година.*

Табела 12. Клучни сместувачки капацитети во општина Гевгелија

| Име на капацитет | Број на легла |
|---|---|
| **Хотел „Аполонија“** | 80 |
| **Хотел „Фламинго“** | 118 |
| **Хотел „Принцес“** | 160 |
| **Хотел „Пелагонија“** | 120 |
| **Хотел „Нар“** | 66 |
| **Хотел „Јасен“ - Негорски бањи** | 126 |
| **Хотел „Илинден“ – Негорски бањи** | 88 |
| **Хотел „Бужор“ – Неготски бањи** | 68 |

Може да се заклучи дека Општина Гевгелија има добро развиен туризам и во 2023 година се очекува просечниот месечен број на ноќевања да биде над 9.000. Просечниот месечен број странски туристи во 2022 година изнесува 2.412 т.е. 75% од вкупниот број на туристи.

Земјоделскиот сектор, опфаќајќи ги површините на обработлива површина и земјоделското производство, може, исто така, да игра релевантна улога во општината. Испитувањето на земјоделските податоци го преставува придонесот за локалната економија и неговото значење во поширокиот синџир на снабдување со храна.

Вкупната земјоделска површина во општината во 2022 година е 10.585 хектари од кои 6.733 се обработлива површина т.е. 64%. Од вкупната обработлива површина 4,699 хектари се ораници и бавчи, 1,315 лозја, 488 хектари овоштарници и 231 хектари ливади. Во однос на 2014 година има зголемување на ораници и бавчи за 830 хектари, кај лозјата за 353 хектари, кај овоштарниците за 232 хектари и кај ливадите за 32 хектари.

Табела 13: Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години, според НТЕС 2013

| Година | Земјоделска површина | Вкупна обработлива површина | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 9,022 | 5,283 | 3,869 | 254 | 961 | 199 |
| **2015** | 9,398 | 5,649 | 4,077 | 309 | 1,045 | 218 |
| **2016** | 9,932 | 6,097 | 4,323 | 416 | 1,132 | 226 |
| **2017** | 10,009 | 6,171 | 4,359 | 433 | 1,147 | 232 |
| **2018** | 10,531 | 6,675 | 4,648 | 461 | 1,335 | 231 |
| **2019** | 11,149 | 7,279 | 5,177 | 455 | 1,407 | 240 |
| **2020** | 11,204 | 7,334 | 5,120 | 537 | 1,420 | 257 |
| **2021** | 11,111 | 7,241 | 4,978 | 537 | 1,476 | 250 |
| **2022** | 10,585 | 6,733 | 4,699 | 488 | 1,315 | 231 |

*Извор : Државен завод за статистика*

Во општината најголемо е производството има на бостан со 20,111 тони, по што следуваат зелката со 17,324 тони, и кромидот со 11,760 тони годишно производство. Во однос на 2014 година може да се забележи најголемо зголемување кај зелката за 6,775 тони, кај бостанот за 6,701 тони и кај кромидот 4,177 за тони.

Табела 14: Површини и производство на посеви, по години, според НТЕС 2013

| | **Вкупно производство во тони** | | | **Кг по хектар** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | 2014 | 2018 | 2022 | 2014 | 2018 | 2022 |
| **Пченица** | 2,748 | 2,618 | 3,086 | 4,505 | 4,078 | 4,453 |
| **Рж** | 43 | 31 | 41 | 2,048 | 2,179 | 2,531 |
| **Јачмен** | 1,044 | 1,149 | 1,451 | 3,577 | 3,113 | 3,779 |
| **Овес** | 51 | 32 | 22 | 2,032 | 2,250 | 2,000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пченка** | 2,114 | 1,451 | 1,451 | 9,393 | 5,455 | 5,455 |
| **Ориз** | - | - | - | - | - | - |
| **Сончоглед** | - | - | - | - | - | - |
| **Тутун** | - | 3 | 3 | - | 1,700 | 1,700 |
| **Компири** | 2,076 | 2,544 | 2,544 | 19,222 | 20,352 | 20,352 |
| **Кромид** | 7,583 | 11,760 | 11,760 | 39,702 | 41,408 | 41,408 |
| **Лук** | - | - | - | - | - | - |
| **Грав-главен посев** | 46 | 29 | 29 | 2,000 | 1,628 | 1,628 |
| **Грашок-зрно** | 75 | 49 | 49 | 3,765 | 2,853 | 2,853 |
| **Леќа** | - | - | - | - | - | - |
| **Зелка** | 10,549 | 17,324 | 17,324 | 37,408 | 40,009 | 40,009 |
| **Домати** | 2,714 | 2,555 | 2,340 | 38,771 | 47,315 | 45,875 |
| **Пиперки** | 775 | 1,028 | 1,028 | 24,219 | 24,476 | 24,476 |
| **Краставици** | 1,061 | 1,030 | 1,027 | 44,208 | 49,048 | 46,675 |
| **Бостан** | 13,410 | 20,111 | 20,111 | 44,257 | 46,770 | 46,770 |
| **Детелина** | 395 | 854 | 854 | 8,404 | 9,489 | 9,489 |
| **Луцерка** | 1,384 | 2,422 | 2,422 | 10,102 | 9,926 | 9,926 |
| **Граор** | 172 | 267 | 267 | 7,818 | 7,026 | 7,026 |
| **Добиточен грашок** | 88 | 137 | 137 | 7,333 | 6,524 | 6,524 |
| **Крмна пченка** | 573 | 939 | 939 | 8,070 | 7,060 | 7,060 |
| **Добиточна репка** | 270 | 641 | 641 | 38,571 | 42,733 | 42,733 |

*Извор : Државен завод за статистика*

Во однос на бројот на овошни стебла и производство на овошје во општината најмногу се произведуваат кајсии, сливи и јаболка. Во однос на 2014 година сите гранки имаат раст. Најголем раст е забележан е кај кајсиите.

Табела 15: Број на овошни стебла и производство на овошје, по години, според НТЕС 2013

| | **Вкупно производство во тони** | | | **Кг по стебло** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | 2014 | 2018 | 2022 | 2014 | 2018 | 2022 |
| **Цреши** | 72 | 313 | 445 | 21 | 25 | 36 |
| **Вишни** | 58 | 225 | 313 | 15 | 20 | 28 |
| **Кајсии** | 315 | 532 | 862 | 40 | 35 | 57 |
| **Дуњи** | 58 | 204 | 204 | 29 | 34 | 34 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јаболка** | 268 | 460 | 460 | 39 | 31 | 31 |
| **Круши** | 114 | 311 | 311 | 26 | 26 | 26 |
| **Сливи** | 278 | 511 | 511 | 23 | 19 | 19 |
| **Праски** | 206 | 424 | 424 | 25 | 21 | 21 |
| **Ореви** | 12 | 27 | 27 | 12 | 13 | 13 |
| **Бадеми** | 11 | 34 | 34 | 11 | 10 | 10 |

*Извор : Државен завод за статистика*

Во однос на земјоделскио потенцијал може да се заклучи дека во 2022 година во однос на 2014 година има зголемување на ораници и бавчи за 830 хектари, кај лозјата за 353 хектари, кај овоштарниците за 232 хектари и кај ливадите за 32 хектари. Во општината најголемо е производството има на бостан со 20,111 тони, по што следуваат зелката со 17,324 тони, и кромидот со 11,760 тони годишно производство. Во 2022 година во однос на 2014 година сите гранки во производството на овошје имаат раст. Најголем раст е забележан е кај кајсиите.

## Социо-образовна анализа на општина Гевгелија

Воспитно-образовните установи во општина Гевгелија се организирани на начин што во општината предучилишна настава се одржува во една градинка ЈОУДГ „Детска радост“ со седум клонови, пет основни училишта и едно средно училиште.
Детската градинка ЈОУДГ „Детска радост“ Гевгелија својата дејност ја извршува во седум објекти (клонови), од кои четири се наоѓаат во населените места Негорци, Миравци, Богородица и Прдејци. Градинката има капацитет за згрижување на 700 деца, а во моментот се згрижени 717 дете, а 15 деца се на листа на чекање, што укажува на потребата од изградба на дополнителни капацитети за згрижување на деца. Во изминативе три години со бројни проекти и зафати значително се подобрени условите за престој на децата во детските градинки во Гевгелија.
На подрачјето на општината основното образование е организирано во 5 (пет) основни училишта и тоа : ОУ ˝Владо Кантарџиев˝-Гевгелија, ОУ ˝Крсте Мисирков˝-Гевгелија, ОУ ˝Климент Охридски˝-Миравци, ОУ ˝Ристо Шуклев˝-Негорци и едно специјализирано основно музичко училиште ОМУ ˝Васо Карајанов˝-Гевгелија. Средното училиште СОУ ˝Јосиф Јосифовски˝ - Гевгелија претставува училишен центар кој нуди образование во следните насоки: – гимназиско образование, економија, право и трговија, угостителство и туризам, здравство и социјална заштита, машинска струка.

<u>Табела 16: Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование и пол</u>

| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** | **Структура Вкупно** | **Структура мажи** | **Структура жени** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 18,442 | 9,127 | 9,315 | 100% | 100% | 100% |
| **Без образование** | 55 | 25 | 30 | 0% | 0% | 0% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Незавршено основно образование** | 526 | 141 | 385 | 3% | 2% | 4% |
| **Основно образование** | 3,983 | 1,628 | 2,355 | 22% | 18% | 25% |
| **Средно образование** | 10,018 | 5,495 | 4,523 | 54% | 60% | 49% |
| **Високо образование** | 3,296 | 1,567 | 1,729 | 18% | 17% | 19% |
| **Магистратура** | 238 | 90 | 148 | 1% | 1% | 2% |
| **Докторат** | 20 | 11 | 9 | 0% | 0% | 0% |
| **Непознато** | 306 | 170 | 136 | 2% | 2% | 1% |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Од податоците за образовната структура на населението во општина Гевгелија може да забележиме дека со основно образование се вкупно 3,983 жители или 22%, со средно образование се вкупно 10,018 жители или 54%, со високо образование се 3.296 жители или 18% од вкупното резидентно население на возраст од 15+ години. Со незначителен дел во вкупниот процент учествуваат жителите кои имаат завршено магистерски студии (238 жители) и докторат (20 жители). Евидентно е дека постои ниско ниво на образование, само 18% имаат високо образование.

Табела 17: Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки /центри за ран детски развој по пол и години, во однос на деца и вработени во општина Гевгелија

| | **Деца** | | | **Вработени во установи** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Машки | Женски | Вкупно | Машки | Женски |
| **2012** | 621 | 314 | 307 | 91 | 5 | 86 |
| **2013** | 646 | 322 | 324 | 91 | 4 | 87 |
| **2014** | 647 | 314 | 333 | 96 | 6 | 90 |
| **2015** | 622 | 301 | 321 | 95 | 6 | 89 |
| **2016** | 634 | 319 | 315 | 90 | 5 | 85 |
| **2017** | 671 | 347 | 324 | 82 | 4 | 78 |
| **2018** | 749 | 353 | 396 | 104 | 7 | 97 |
| **2019** | 799 | 391 | 408 | 112 | 9 | 103 |
| **2020** | 642 | 340 | 302 | 117 | 9 | 108 |
| **2021** | 702 | 385 | 317 | 124 | 10 | 114 |
| **2022** | 717 | 385 | 332 | 119 | 9 | 110 |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Од табелата во која се прикажани податоци за деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, може да се забележи дека во текот на десет години кои се предмет на анализа, бројот на деца кои се сместени во предучилишните установи-градинките постојано расте, односно од 2012 кога биле згрижени 621 дете, во 2022 година тој број пораснал на 717 или пораст од 13%. Паралелно со зголемувањето

на бројот на деца кои се згрижуваат во градинките, расте и бројот на вработени во истите. Бројот на вработени во 2012 година изнесува 91, а во 2022 119 вработени, што значи дека постои пораст од 24%. Од податоците со кои располага општина Гевгелија, градинката ЈОУДГ„Детска радост“ Гевгелија со своите седум објекти има капацитет за сместување на 700 деца, а 15 деца се на листата на чекање. Од податоците од Државниот завод за статистика видливо е дека во 2022 година сместени се вкупно 717 деца, што значи дека бројот на згрижени деца го надминува бројот за кои се проектирани самите сместувачки капацитети. Исто општината располага со податоци за вработените, според кои во сите градинки има вкупно 115 вработени, од кои 28 се воспитувачи.

Табела 18: Ученици во основни училишта, по пол и учебни години во општина Гевгелија

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици | Разлика во бројот на ученици година по година во проценти | Процент на ученички во вкупниот број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| **2012/2013** | 1,869 | 913 | 956 | - | 49% |
| **2013/2014** | 1,830 | 896 | 934 | -2% | 49% |
| **2014/2015** | 2,489 | 1,226 | 1,263 | 36% | 49% |
| **2015/2016** | 1,817 | 894 | 923 | -27% | 49% |
| **2016/2017** | 1,921 | 938 | 983 | 6% | 49% |
| **2017/2018** | 1,898 | 925 | 973 | -1% | 49% |
| **2018/2019** | 1,892 | 921 | 971 | 0% | 49% |
| **2019/2020** | 1,859 | 911 | 948 | -2% | 49% |
| **2020/2021** | 1,855 | 909 | 946 | 0% | 49% |
| **2021/2022** | 1,887 | 918 | 969 | 2% | 49% |
| **2022/2023** | 1,905 | 924 | 981 | 1% | 49% |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Од табелата е евидентно дека бројот на ученици во основните училишта е константен во тек на десет години, во периодот на анализа од 2012/2013 до 2022/2023 година. Осцилации се забележуваат во 2014/2015 година кога бројот на ученици се зголемува за 36% за разлика од претходната година и во 2015/2016 година кога постои намалување на бројот на ученици за 27% во однос на претходната година. Во учебната 2022/2023, во однос на учебна 2012/2013, бројот на ученици се зголемил за 36 или за 2 %.

Табела 19: Ученици во средни училишта, по пол и учебна година во општина Гевгелија

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици | Разлика во бројот на ученици година по година во проценти | Процент на ученички во вкупниот број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| **2012/2013** | 991 | 505 | 486 | - | 51% |
| **2013/2014** | 977 | 501 | 476 | -1% | 51% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2014/2015** | 900 | 438 | 462 | -8% | 49% |
| **2015/2016** | 891 | 437 | 454 | -1% | 49% |
| **2016/2017** | 756 | 364 | 392 | -15% | 48% |
| **2017/2018** | 711 | 342 | 369 | -6% | 48% |
| **2018/2019** | 665 | 314 | 351 | -6% | 47% |
| **2019/2020** | 640 | 285 | 355 | -4% | 45% |
| **2020/2021** | 696 | 323 | 373 | 9% | 46% |
| **2021/2022** | 684 | 326 | 358 | -2% | 48% |
| **2022/2023** | 636 | 315 | 321 | -7% | 50% |

*Извор : Државен завод за статистика, МакСтат база на податоци од Пописот од 2021 година*

Во погоре наведениот табеларен приказ, прикажани се податоци за бројот на ученици во средни училишта, по пол и учебна година во општина Гевгелија. Од податоците видливо е дека постои опаѓање на бројот на ученици во средните училишта, при што најголем пад од -15% се забележува во учебната 2016/2017 година. Во учебната 2022/2023 во однос на учебната 2012/2013 бројот на ученици се намалил за 355 лица или за 35.8 %.
Според тоа, може да се заклучи дека воспитно-образовните установи во општина Гевгелија се организирани на начин што во општината предучилишна настава се одржува во една градинка ЈОУДГ „Детска радост“ со седум клонови, пет основни училишта и едно средно училиште. Постои ниско ниво на образование, само 18% имаат високо образование. Бројот на згрижени деца во градинките го надминува бројот за кои се проектирани самите сместувачки капацитети додека бројот на ученици во основните училишта е константен. Постои опаѓање на бројот на ученици во средните училишта. За период од десет години, од 2012 година до 2022 година, бројот на ученици се намалил за 355 лица или за 35.8 %.

## Социјална заштита во општина Гевгелија

Надлежноста на Општина Гевгелија од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата, Општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани, со цел:

- ✓ Одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- ✓ Спречување на социјалната исклученост;
- ✓ Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- ✓ Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Според податоците од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, состојбата со социјалната заштита по број на корисници во општина Гевгелија е следна:

- ✓ Гарантирана минимална помош за лица материјално-необезбедени, работоспособни и за лица неспособни за работа до 65 години, потврдено со наод и мислење од соодветна комисија, примаат 149 домаќинства;
- ✓ Паричен надоместок за помош и нега од друго лице примаат вкупно 823 корисника од кои 160 ова право го користат трајно, а 334 корисника го користат одреден период во зависност од наодот и мислењето на комисијата;
- ✓ Надоместок за попреченост примаат 116 корисника;
- ✓ Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања примаат 10 домаќинства;
- ✓ Правото на социјална сигурност за стари лица го користат 45 корисника;
- ✓ Право на здравствена заштита го користат 80 лица;
- ✓ Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството користат вкупно 149 домаќинства приматели на ГМП и 45 корисника на социјална сигурност;
- ✓ Паричен надоместок за мајка која родила 4 дете користат 4 мајки;
- ✓ Гарантиран детски додаток примаат 52 корисника;посебен додаток примаат 67 корисника;
- ✓ Родителски додаток за трето дете примаат 141 лице.

## Култура и манифестации во општина Гевгелија

Развојот на културата во општина Гевгелија е на задоволително ниво. Првенствено, нејзини носители се локалната самоуправа и локалните институции од областа на културата, како и образовните институции: ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија и ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија, коишто преку нивните Програми за работа организираат разновидни манифестации и активности за сечиј вкус и за секоја возраст.
Во текот на годините, не изостануваат традиционалните манифестации: „Спасовден“, „Распеана чаршија“, „Гевгелиско културно лето“, „Метрички карван“, „Месец на книгата“, „ Априлијада“, „Фолклорен ѓердан“, и „Дедо Мраз пак кај нас“. Како и реализирањето активности од сопствена продукција или во соработка со правни и физички лица: ликовни изложби, поетски и книжевни вечери, прикажување филмови, театарски претстави, концерти, музички настани или пак програми за одбележувајње на значјни датуми, празници и сл.

Иако во општина Гевгелија, Народниот театар Гевгелија не е институционализиран, туку објектот е даден на времено користење на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ и нема кино, не недостига театарскиот живот и филмски проекции. Односно, возрасните гевгеличани имаат можност да ги проследат претставите од репертоарите на професионалните театри ширум државата и најновите филмови на македонската сцена. Исто така, земени се предвид и потребите на младите, односно дечињата, кои се присутни на детските претстави од гостувањата на театрите и здруженијата, како и на детските претстави од сопствена продукција, за коишто е одговорна формираната Драмска секција при ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, во којашто членуваат голем број дечиња од Гевгелија на возраст од 6 до 14 години. Или пак, концертите на формираните

Секции за гитара и тапан при ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија во коишто членуваат голем број млади вљубеници за изучување на музички инструменти.

Од големо значење е и новиот Фестивал на храна и вино „Вкуси го југот“, со којшто Општина Гевгелија се стреми како кон развој на културата, така и туризмот, со промоција на храна и вино од домашното поднебје и учество на уметници од општина Гевгелија и државата во културно-уметничката програма во рамки на Фестивалот.

Исто така, за развојот на културата во општина Гевгелија придонесуваат и граѓанските организации регистрирани за дејност култура и физички лица со организација на настани и активности од различни видови уметност. За почит е обновата на Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка 2023“, под покровителство на Општина Гевгелија, со којшто Гевгелија се врати на листата со градови на брендирани детски музички фестивали. Од традиционалните настани за одбележување се: „Бош Фестивал“ во организација на Здружението „Арт Еквилибриум“- Гевгелија, а во чест на прерано починатиот актер Бошко Бозаџиев од Гевгелија, поетско-музичката манифестација „За тебе љубов моја“ во организација на ЗГ „Од станица до граница“, Меѓународниот натпревар во пијано во организација на Глигор Гелебешев, како и одбележување на јубилеи и патронати на гевгелиските образовни институции. Голем е придонесот и на амбасадорите на фолкорот и традицијата: Ансамбл „Бојмија“, КУД „Танец“- Миравци, КУД „Негорци“- Негорци и КУД „Браќа Толеви“- Прдејци со своите концерти на домашната сцена и гостувања во странство.

## Спортски активности во општина Гевгелија

Изминатите години, Гевгелија станува центар на масовниот спорт со поддршка од Општина Гевгелија, генерално, преку спортските здруженија од подрачјето на општина Гевгелија. Голем придонес во развојот на спортот има третата по ред Атлетска седмоноемвриска трка November run во организација на Атлетскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија, којашто од година во година ја надминува својата масовност со присуство на учесници од државата и странски земји и добива поголемо реноме. Како и проширување на трките, освен на 5 и 10 км. во машка и женска категорија- со инклузивна трка во којашто учествуваат лицата со попреченост и детските трки во различни категории.
За Гевгелија да биде град на масовниот спорт, придонесува и спортското дефиле „Гевгелија на точак“ во организација на Здруженијата на граѓани „Чејнџмејкерс“ и „Гевгелија Точак Клуб“, коешто се организира по повод општинскиот празник 7 Ноември и прераснува во традиционална спортска манифестација со голем број точкаџии коишто учествуваат во дефилето.

„Гевгелискиот велотлон“ во организација на АМД „Дичо Панов“- Гевгелија и „Гевгелија Точак Клуб“, исто така, ја впиша Гевгелија како центар на масовниот спорт со голем број учесници кои се натпреваруваа во возење велосипед, совладување препреки и трчање по ридска патека.

Интересот за мал фудбал долги години по ред го будат ЗГ „КМФ Млади Миравци“ и ЗГ „Ангелов“- Богородица со организација на традиционалните Турнирот „КМФ Млади Миравци“ и Меморијалниот турнир „Мирче Костов“ со учество на голем број екипи од Гевгелија и регионот. Турните во мал фудбал се проширија и со организацијата на Првиот меморијален турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“ во 2023 г. од страна на ЗГ Навивачка група „Фантоми Север“- Гевгелија. Во областа на кошарката, активни се повеќе настани и натпревари, од коишто најзначајни се Меморијалниот турнир во баскет „Иван Пенов“ и Меморијалниот турнир во кошарка „Боби Петков“, на којшто учествуваат младински селекции до 18 години од државата и од странство. Гевгелија го развива и шахот преку Шаховскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија со организација на брзопотезни турнири, Здружението на слепи лица со Меѓународниот турнир во шах за слепи лица и Меморијалниот шаховски турнир „Венци Попов“. Значајни за развојот на спортот, исто така, се: Турнирот во тенис „Крупа Опен“ во организација на Тениски клуб „Круна“- Гевгелија, Танцовиот клуб „Мистик денс“- Гевгелија, двете

планинарски друштва „Кожуф“ и „Двете уши“ со голем број планинарски маршеви и искачувања, Карате клубот и училишните спортски клубови.

Општина Гевгелија е присутна и на натпреварувачките домашни лиги во фудбал, кошарка и ракомет преку: Кошарскарскиот клуб „Кожув“- Гевгелија, Фудбалскиот клуб „Кожуф“, Женскиот ракометен клуб „Гевгелија“- Гевгелија и Машкиот ракометен клуб „Партизан 2016“- Гевгелија.

## Културни знаменитости во општина Гевгелија

Во центарот на Гевгелија се наоѓа Народната библиотека "Гоце Делчев". Зградата е изградена од некој способен мајстор во 1912 година, по нарачка на некој Турчин. Се претпоставува дека мајсторот од Дебар бил баран и од други чорбаџии, па така, Гевгелија ја красат неколку конаци (Сеизов конак, Андреев конак, Владев конак итн.). Исто така, во Гевгелија се наоѓа Амам (Турска бања) од 19 век.
Библиотеката во Гевгелија е формирана 1945 година, со почетен фонд од 500 книги. Денес, таа располага со над 70 000 книги, со 1 000 томови весници и списанија, околу 400 ретки книги и 200 наслови од роднокрајни автори. Тука се наоѓа и еден од оригиналите на книгата "Огледало" од Кирил Пејчиновиќ, отпечатена 1816 година во Будим.
Владовиот конак е изграден 1906 година, а во 1992 година бил пренаменет во Народен музеј. Во него се сместени повеќе одделенија од праисторијата, античкиот период, но и етнолошка и историска збирка . Огромен број раритети кои потекнуваат од 8 до 4 век пред нашата ера, се најдени на наоѓалиштата: Сува Река, Милци, Бишов Јавор и Парагон, а дел од нив нашле свое место во депоата на музејот во Гевгелија. Денес музејот претставува Национална установа Музеј- Гевгелија.
Предметите што се пронајдени зборуваат за цивилизацијата која го достигнала врвот во материјалната и духовната култура. Во посебни магацински простории се откриени огромни питоси за жито, вино или масло, мегарска чаша со симбол на македонскиот штит, сребрени монети со ликот на Александар Македонски, како и аморфи за вино, садови за миризливи масла, и други раритети од класичниот и предримски период.
На влезот од Гевгелија, на десната страна од реката Вардар се наоѓа месноста Вардарски Рид. Тука се направени археолошки ископувања за откривање на антички градби од V век п.н.е., за кои не е познато, дали се работи за античка Аталанта или Гортинија.
На локалитот Мрзенски Рид се наоѓа Споменик на Слободата.

## Заштита и безбедност на граѓаните во општина Гевгелија

Системот за управување со кризи во Република Северна Македонија се управува преку Законот за управување со кризи, каде се регулира организацијата и функционирањето, одлучувањето и употребата на ресурсите, комуникацијата, координацијата и соработката, процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката, планирањето и финансирањето, како и други прашања сврзани со системот за управувањето со кризи.

Системот за управување со кризи се организира и остварува заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди и епидемии или други ризици и опасности кои директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на државата или дел од неа, а за кои не постојат услови за прогласување воена или вонредна состојба. Системот за управување со кризи опфаќа и прибирање на информации, процена, анализа на состојбата, утврдување на целите и задачите, развој и спроведување на потребните дејствија за превенција, рано предупредување и справување со кризи.

Проценка на потенцијалните ризици по заедницата и проценка на капацитетите на службите за цивилна заштита, во однос на неколку сектори. Заштитата од штетно дејство на водите е една од позначајните надлежности на ЕЛС, затоа секоја општина треба да донесе Програма за заштита од штетното дејство на водите. ЕЛС во своите урбани подрачја се исклучиво надлежни за заштита и за одбрана од поплави и заштита од друго штетно дејство на водите. Покрај Програмата, секоја општина носи и оперативни планови за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја. Оперативниот план го донесува Советот на ЕЛС на предлог на градоначалникот на ЕЛС. (Доколку загрозеното подрачје се наоѓа на две или на повеќе општини, оперативниот план го донесуваат спогодбено советите на вклучените ЕЛС, по претходна согласност од МЖСПП). Доколку ЕЛС управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи, тие се должни овие објекти да ги користат и одржуваат на начин што обезбедува прифаќање на поплавните бранови, како и обезбедување на нивна заштита од елементарни непогоди;

Во однос на заштита од пожари, пожарникарите од Гевгелија како дел од југоисточниот плански регион добија беспилотни летала со термални камери за рана детекција на шумски пожари. Леталата може да се контролираат на далечина и од 10 километри со што противпожарните служби од Струмица, Радовиш, Гевгелија и Валандово ќе имаат можност на секоја дојава или сомнеж да извршат увид за големината на пожарот во реално време, неговото движење, опкружување. Опремата е набавена како дел од проектот „Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи“ што го имплементира Центарот за развој на Југоисточниот Плански Регион (ЦРЈИПР) од Програмата за прекугранична соработка со Грција во кои се вклучени повеќе институции.

Плановите за заштита вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:

- ✓ Дел за заштита и спасување од пожари
- ✓ Дел за прва медицинска помош
- ✓ Дел за заштита и спасување од поплави
- ✓ Дел за згрижување и евакуација
- ✓ Заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во Општината

Најчесто, општините креираат план за управување со ризици кој ги обединува сите планови, при што анализата на заштитата и безбедноста во заедницата најчесто вклучува:

- ✓ проценка на потенцијалните ризици по заедницата и постоење на поврзани планови вклучувајќи клучни информации поврзани со ризиците од поплави, суши, пожари, свлечишта, невремиња и земјотреси;
- ✓ проценка на капацитетите на службите за цивилна заштита во општината во однос на одговорот на идентификуваните закани.

Во општина Гевгелија, постои Регионален центар за справување со кризи, а самата општина за 2023 година има донесено: Годишна програма за заштита и спасување и справување со кризи за територијата на општината; План за заштита и спасување на Општина Гевгелија (составен од мерки/документи); и Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на Општина Гевгелија

| **Рд.Бр.** | **Општински штаб за заштита и спасување (состав)** |
|---|---|
| **1.** | Командант на штабот |
| **2.** | Началник на штабот |
| **3.** | Помошник началник за оперативни работи |
| **4.** | Помошник началник за хуманитарни мерки за заштита и спасување за прва медицинска помош |

| | |
|---|---|
| **5.** | Помошник началник за хуманитарни мерки за заштита и спасување за згрижување и евакуација |
| **6.** | Помошник началник за технички мерки за заштита и спасување од пожари |
| **7.** | Помошник началник за технички мерки за заштита и спасување од поплави |

За реализација, функционирање и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот се насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир. Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Гевгелија преку Програмата за 2023 година, во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетен одговор со кој ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Гевгелија, како и да овозможи непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето од просторот на општината. Општина Гевгелија, има годишен план за заштита и спасување од поројни врнежи и поплави 2023-2024, како и процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општина Гевгелија, ажурирана 2022 година.

## Водозаштитни објекти на подрачјето на ризик од поплави

| Рд.Бр. | Водозаштитен објект | Место и простор | должина |
|---|---|---|---|
| **1.** | Потпорен зид на левата страна на Конска река изведен од камен и бетон | Од боровите над касарната до железничката пругата | 1,5 км. |
| **2.** | Регулација на Серменинска река со:<br>1. Земјен насип<br>2. Каскади пред мостот на регионалниот пат<br>Каскади во делот кај мостот на автопатот М1 | 1. Западно од регионалниот пат П 103 кај мостот на Мрзенци во долж магазинот на Дојчин и Кора Дизајн<br>2. Каскади во речното коритото пред и после мостот на регионалниот пат П103<br>3. Каскади кај мостот на автопатот М1 | 1. - 300 метри<br>2. - 300 метри<br>3. - 100 метри |
| **3.** | Регулација со бетон и каскади на Кованска река | Во делот кај мостот на автопатот М1 кај Прдејци | 200 метри |
| **4.** | Регулација на Давидовска река со:<br>1. Потпорен зид од камен и бетон во делот каде реката се влива во Вардар<br>2. Каскади кај мостот на железничката пруга<br>Направени каскади пред мостот на регионалниот пат П103 | 1. Во делот каде се влива во Вардар<br>2. Каскада пред железничкиот мост<br>3. Каскада пред мостот на регионалниот пат | 1. - 400 метри<br>2. - 100 метри<br>3. - 100 метри |
| **5.** | Заштитен земјени појаси на Петрушка река | Од регионалниот пат П103 до Вардар кај Милетковско поле | 500 метри |
| **6.** | Појас со канал од бетон во Давидово | Низ населеното место | 140 метри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.** | Канал за атмосферски води во Негорци | Низ населеното место | 1100 метри |
| **8.** | Рауљот | Каналот и испусните места кај: Транс Балкан, Железничката станица – кружен тек и стар отпад | 1600 метри |
| **9.** | Акумулации | 1. Топлец<br>2. Дос<br>3. Калица<br>Богородица | |

## Подрачја потенцијално загрозени од поплави

| | | | |
|---|---|---|---|
| Петрушка река | Кованска река | Сува река | Мост на конска река |
| Серменинска река | река Вардар | | |

**Критични патни правци:**

Патен правец Гевгелија – Ново конско, мостот на влезот на Моин на Конска/Сува река

Патен правец  Гевгелија - Негорци, мостовите кај Мрзенци на Серменинска река

Патен правец Гевгелија - Миравци, мостот на Петрушка река кај Милетково

Патен правец Гевгелија - Смдлива Вода

За реализација, функционирање и остварување на системот за заштита и спасување предвидени се следниве активности:

- ✓ Едукација и обука на Општинскиот штаб за заштита и спасување
- ✓ Едукација и обука на единицата ( командни тела, извршители )
- ✓ Обука на надлежните лица во локалната самоуправа
- ✓ Вежбовни активности
- ✓ Подигање на јавната свест ( ангажирање на медиуми, публикациии документи и  материјали )
- ✓ Набавка на опрема,

Други форми и активности за побезбедна општина со здружување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината:

- ✓ Активности на Општинскиот кризен штаб
- ✓ Активности на Штабот за заштита и спасување
- ✓ Учество на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и

- ✓ Општинскиот противпожарен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани
- ✓ Подршка и учество во проектни активности

Цел на проценета на загрозеност на подрачјето кое го опфаќа Општина Гевгелија е квалитативна и квантитативна анализа на податоците за можните опасности за настанување на природни непогоди и други несреќи, предвидување на можниот натамошен тек и последиците кои можат да бидат предизвикани од истите, со предлог превентивни и други мерки за заштита и спасување. Следејќи ги природните непогоди и други несреќи од поголем обем што го зафатиле подрачјето на општината во изминатиот период, се констатира дека истите биле, главно, последица на дејствување на природни сили. Со развојот на материјалните богатства, денес и во иднина, можните потенцијални штети од елементарните непогоди се во постојан пораст. Затоа, современото општество мора да посвети посебно внимание на подобро организирање и оспособување за успешна заштита од природните стихии. Имајќи ја во предвид оваа констатација се наметнува потребата од сеопфатно и комплексно согледување на состојбите и проблемите во областа на операционализацијата на заштитата на населението и материјалните добра од природните непогоди и другите поголеми несреќи. И тоа, пред сé, на планот на превентивните мерки за заштита и спасување, како и на степенот на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување и други субјекти чија основна дејност е во функција на заштитата и спасувањето, односно отстранување на последиците предизвикани од природните непогоди и другите поголеми несреќи. Со Законот за заштита и спасување, утврдени се мерките за заштита и спасување, при што се дефинирани местото, улогата и задачите на сите субјекти во извршување на функционалните мерки и активности за заштита и спасување на населението и материјалните добра. Со нивно доследно планирање, подготвување и спроведување во голема мера би се намалиле опасностите од појава на природни и други несреќи, односно последици предизвикани од истите.

Организационо, универзалната единица е составена од 3 (три) одделенија, а едно одделние е составено од 3 (три) екипи. Една екипа брои 5 (пет) члена (едно лице водител/извршител на екипа и 4 члена). На Општинскиот штаб за заштита и спасување, како и Универзалната единица во јачина на вод, извршена е обука од страна на Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување на Р.С.Македонија. Во согласност со законските акти, опременоста е обезбедена со Потпишан  Договор за користење на опрема и МТС за потребите на Универзалната единица за заштита и спасување, склучен помеѓу Општина Гевгелија и ЈКПД Комуналец, со рок на важење на договорот од 5 години.

## Еколошка анализа во општина Гевгелија

Денес, заштитата на животната средина е клучен столб за развој на единицата на локална самоуправа. Заштитата на околината е единствено можна ако локалната самоуправа е во центарот на активностите во рамки на зелената транзиција или климатска акција. Од друга страна, полесен развој ќе се постигне, доколку има поактивен ангажман на самото население. Ангажирањето на локалната заедница во еколошки проекти е од најголема важност поради локалното знаење и експертиза, за животната средина каде живеат, вклучувајќи ги нејзините екосистеми, ресурси и предизвици.

Развојот и заштитата на животната средина е регулиран со Законот за животна средина[24], каде на општините им се наметнува обврската за изработка на Локален еколошки акциски план (ЛЕАП), во согласност со

[24] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82

Националниот еколошки акциски план (НЕАП)[25] за период од шест години. За жал повеќето општини или немаат, или имаат план со изминат период на важност. Таков е примерот и со општина Гевгелија, каде последниот ЛЕАП е изработен пред 15 години. Новиот ЛЕАП е предвиден да се изработи во следните 2 години, но предвидениот буџет од 246.000 изгледа недоволно. Во рамки на изработената Стратегија за локален економски развој на општина Гевгелија 2023-2026 година, како Стратешка цел 3 се наведува: „Одржлива животната средина со управување со природни ресурси и искористување на обновливи извори на енергија". Сепак, предвидените активности се недоволни, а со тоа се наметнува потребата за побрзо креирање нов ЛЕАП.

Обврските на општините поврзани со обезбедуваање квалитетен воздух, по вертикала, се зададени со Законот за квалитет на амбиентниот воздух[26], каде е неоходно да се изработи и донесе План за квалитетот на воздухот со акциски план. Станицата во Гевгелија е поставена во 2020 година, истата е поставена во непосредна близина на детската градинка "Детска Радост" – клон "сончогледи" наулицата Ристо Јанев. Очекувањата од оваа станица се да го регистрира загадувањето кое доаѓа претежно од согорувањето на горивата за затоплување на домовите како и загадувањето од сообраќајот. Сепак, и покрај постоењето на мерна станица, општината нема План согласно законските прописи. Дополнително, во време на изработката на ИЛРП, нема показатели за ПМ10 и ПМ2.5, а на мониторинг системот на МЖСПП[27], има податоци за Азотен оксид, озон и јаглероден моноксид.




%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%20%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BD%20%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82%2019.07.2013.pdf

[25] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/11/Vtor%20NEAP%202006.pdf

[26] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon%20za%20kvalitet%20na%20Vozduh%20-%20precisten%20tekst%20za%20informativni%20celi.pdf

[27] https://air.moepp.gov.mk/?page_id=175&parameter=O3&station=Gevgelija

Состојбата со водните ресурси се регулира со Законот за води[28]. Законот ги уредува прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во кои што повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води, крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите, заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите; водостопанските објекти и услуги; организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите. Користењето на водата се врши со дозвола издадена од МЖСПП, со што се стекнува водното право; Најзначаен плански документ од аспект на ЕЛС се Плановите за управување со речен слив кои се изработуваат за секој речен слив одделно.

| | **Вкупно** | **Урбано** | **Рурално** |
|---|---|---|---|
| **Вода во шишиња** | 234 | 228 | 6 |
| **Цистерна (резервоар со вода) со филтер** | 4 | 4 | - |
| **Улична чешма со вода од посебен извор** | 13 | 11 | 2 |
| **Улична чешма со вода од јавен водовод** | 2 | - | 2 |
| **Чешма во дворот приклучена на јавен водовод** | 2 | 1 | 1 |
| **Вода во станот со приклучок на сопствен хидрофор** | 10 | 4 | 6 |
| **Вода во станот со приклучок на јавен водовод** | 8118 | 5475 | 2643 |
| **Начин на снабдување со вода за пиење** | 8386 | 5725 | 2661 |

Во однос на питка вода, со произведени 2,5 до 4 милиони кубни метри вода се задоволуваат потребите за вода. Примарните извори на вода за пиење за населените места од општина Гевгелија се три бунарски подрачја: Моин, Вардар и Мрзенска ада, кои функционираат независно еден од друг. Главниот извор на вода за пиење е бунарското подрачје Мрзенска ада во близина на село Мрзенци. Изградено е 2018 година, а ставено во функција во месец јануари 2019 година.

Производството на вода се остварува преку две бунарски подрачја, бунари Моин и бунари Вардар. Во 2021 од бунари Мрзенска, произведени се 2.597.927 $m^3$ вода, а од бунарското подрачје Вардар, произведени се 212.888 $m^3$. Од друга страна, населените места Негорци, Прдејца, Смоквица и Миравци имаат сопствени водоводни

[28] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon za Vodite - precisten tekst za informativni celi.pdf

системи. Водоводниот систем има редовна чуварска служба, и редовно согласно стандради за безбедност на храна, се врши хлорирање на водата, како и контрола на водата од 5 мерни места.

Браната Конско е крупен објект од областа на водните ресурси. Согласно одлуките на Владата на РСМ, браната ќе помине на управување во АД Водостопанство, а почетокот на работа се очекува да биде почеток на 2024 година. Браната „Конско“ е од исклучително значење за наводнувањето на земјоделските површини од овој регион, но оваа брана истовремено има мултифункционална намена. Браната треба да обезбеди редовно снабдување со квалитетна вода за пиење, за наводнување на земјоделските површини, за производство на електрична енергија, но и обезбедување вода за дотур за спас на Дојранското езеро. Браната „Конско“ треба да обезбеди вода за наводнување на нови 8.000 хектари земјоделски површини, со што наводнуваните земјоделски површини ги зголемуваме за пет пати. Со оваа брана ќе се создадат неопходните услови за дополнителен развој на земјоделството, зголемување на производството на храна со намалени и конкурентни цени. Општина Гевгелија уште од почетокот на изградбата на браната „Конско“, иницира постапка за изработка на урбанистички план за околниот простор, како главен предуслов за уредување на целата локација и развивање на планинскиот туризам во овој дел на општината. Со планот ќе бидат предвидени локации за викенд-куќички, но и целокупната потребна инфраструктура и услови за алтернативни форми на туризам. Овој проект е дел од Стратегијата за развој на туризмот на Општина Гевгелија, донесена во 2020 година.

Разновидноста на геолошките, релјефните и вегетациските прилики, а посебно влијанието на човекот и на климатските услови дозволуваат да се сретнат повеќе видови на почви. Обработливата површина се проценува на 7.800 ha, шуми со површина од 28.350 ha и пасишта со површина од 2.652 ha .

Патоказ за секторот отпад е Планот за управување со отпад во Северна Македонија за 2021-2031 година, план кој треба да се справи со еден од најголемите предизвици во областа на животна средина, а тоа е управувањето на отпадот. Во овој план се вметнати сите европски политики од оваа област. Вертикални насоки кон општините се зададени преку Национална стратегија за управување со отпад, Национален план за управување со отпад (го донесува МЖСПП за период од шест години), Национална програма за управување со отпад (се усвојува за период од една година), како и Регионален план за управување со отпад (општин Неготино е во југоисточниот плански регион). Своите обврски, општините ги преземаат преку носење Планови и програми за управување со отпад, кои треба да бидат во согласност со важечкиот Национален план за управување на отпад. Општините и Градот Скопје се задолжени за собирање, транспорт и отстранување на комунален отпад, обезбедување учество во остварувањето на националните цели за посебните текови на отпад, согласно регулативата за посебните текови на отпад, воспоставување на собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадни производи и посебни текови на отпад заради повторна употреба, преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад преку склучување на договори со колективните, односно самостојните постапувачи што се регистрирани во Република Северна Македонија.

**Национални цели**

Собрана количина на пакување пуштено во промет во РСМ.

| Година | Собран отпад |
|---|---|
| **2023** | 60 % |
| **2024** | 65 % |
| **2025** | 70 % |
| **2026** | 75 % |

| | |
|---|---|
| **2027** | 80 % |

Количина на отпад што треба да се рециклира:

| 2030 | 2035 |
|---|---|
| **Минимум 65%** | **Минимум 70 %** |

Количини на отпад за рециклирање според одредени категории

| Година | Од тежина на хартија и картон | Од тежина на стакло | Од тежина на дрво | Од тежина наметал | Од тежина на пластика (дел од пласти ката кој се рециклира) |
|---|---|---|---|---|---|
| **2021** | 70 % | 40 % | 20 % | 10% обоени 50% железни метали | 25% |
| **2025** | 70 % | 55 % | 20 % | 60% железни метали 30% алуминиум | 40% |
| **2030** | 75 % | 70 % | 25 % | 70% железни метали 50% обоени метали | 75% |
| **2035** | 85 % | 75 % | 30 % | 80% железни метали 60% обоени метали | 85% |

Количини на отпад за рециклирање на комунален отпад

| Година | Рециклиран |
|---|---|
| **2025** | 25 % |
| **2035** | 45 % |
| **2045** | 60 % |

Општина Гевгелија, има план за управување со отпад, за период 2017-2022.

Подрачјето на општината Гевгелија се простира на дел од сливот на долниот тек на реката Вардар која претставува најзначаен водотек кој ги дренира површинските и подземните води. Поголеми водотеци кои се влеваат во реката Вардар се Сува, Коњска, Мрзенска, Кованска, Зуица, Петрушка и Јаворица река. Притоките на Вардар се релативно маловодни поради што некои од нив преку летото пресушуваат.

Територијата на општината покажува оскудност на изворски и подземни води. Просечната издашност на изворите се движи од 1 до 3 l/sec а извори со поголема издашност не се забележани. Во хидрографската структура влегуваат и акумулациите во Богородица, Топлец, Дос, Калица и други.

Општината располага со богати извори на минерална и термоминерална вода. Еден од најпознатите извори на минерална вода се наоѓа на туристичкиот локалитет Смрдлива вода. На само 4 km од Гевгелија се наоѓаат Негорски Бањи, со богати извори на термоминерална вода, додека во близина на селото Смоквица има четири извори на топла вода со капацитет од 140 l/sec., која порано се користеше за затоплување на оранжериите. За жал, после превземањето на концесијата од приватен инвеститор, нема систем за затоплување. Исто така, постојат многу извори со помал капацитет (1–3 l/sec.), но тие не се мапирани.

Дневната продукција на комунален цврст отпад по жител согласно приложените податоци изнесува 1,310 kg. Во сферата на управувањето со комуналниот отпад во рамките на Општината се вработени комунални инспектори чија ингеренција е да го елиминират исфрлањето на отпадот на места што не се предвидени за таа цел. Во описот на моменталната состојба може да се наведе дека не постои доволна комуникација меѓу заинтересираните страни на сите нивоа во врска со ова област, како и недоволна комуникација со јавноста, недостигаат проекти за подигање на јавната свест. Отпадот на ниво на општина Гевгелија го собира ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија, во градот Гевгелија и населените места Смоквица, Прдејци, Негорци, Богородица, Миравци, Милетково, Давидово, Мрзенци, Стојаково, Моин, Ново Конско, Конско со викенд населбата "Смрдлива Вода" како и кампот за мигранти.

Според податоци од ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ“, вкупно комунален отпад кој се собира на годишно ниво од територијата на општина Гевгелија е 10141,69 тони. Имајќи предвид дека приближно само 500 жители од руралните средини не се опфатени со организирано собирање на отпад, Општината и ЈПКД „Комуналец“ во однос на опслужено население опфакаат 98.14% од населението. Цените за услугите на јавното претпријатие се наоѓаат на страната на претпријатие: https://komunalecgevgelija.mk/cenovnik/ .

Отпадот собран од страна на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, се носи на депонијата за индустриски и комунален отпад, која се наоѓа покрај Сува Река, (привремена депонија која се наоѓа над с.Ново Конско) а на 1,5 km од населено место. Отпадот во градот Гевгелија е организиран и се врши секојдневно.

Градската депонија е со површина од 20,000 m$^2$ ограден простор. На истата се депонира смет од повеќето населени места во Општина Гевгелија и градот Гевгелија, како од индивидуални создавачи на смет, така и од правни лица и фирми создавачи на смет. Се депонира разновиден комунален и друг вид на неопасен цврст технолошки отпад, отпадоци од конзервно производствени погони, винарската индустрија и др. Депонијата е обезбедувана со чуварска служба 24 часа дневно. Гевгелија е дел од југоисточниот плански регион[29], и додека не се заокружи целиот концепт, постојат размислувања за нови простотри за депонирање на отпад.

| Општина | Домаќинства | Жители | Кг/жител/ден | Отпад (кг/год) | Отпад (тони/год) | Собран отпад (тони/год) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гевгелија** | 7166 | 22800 | 1,31 | 10333405,52 | 1033,41 | 10141,69 |

29 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Regionalen-plan-za-jugoistocen-region.pdf

| **Општина Гевгелија** | |
|---|---|
| **Био отпад** | 3799 |
| **Отпад од хартија и картон** | 2037 |
| **Отпад од пластика** | 1365 |
| **Отпад од стакло** | 131 |
| **Отпад од текстил** | 607 |
| **Отпад од метали** | 62 |
| **Отпад од неметали** | 367 |
| **Хигиенски отпад** | 318 |
| **Инертен отпад** | 583 |
| **Опасен отпад** | 337 |
| **Останато** | 726 |

Проекции за популација, создаден и собран отпад во Југоисточниот плански регион до 2040

| **2016** | |
|---|---|
| **Жители** | 22800 |
| **Создаден отпад (т)** | 10333 |
| **Собран отпад (т)** | 10142 |
| **2020** | |
| **Жители** | 23087 |
| **Создаден отпад (т)** | 10378 |
| **Собран отпад (т)** | 10059 |
| **2030** | |
| **Жители** | 22873 |

| | |
|---|---|
| **Создаден отпад (т)** | 10282 |
| **Собран отпад (т)** | 10282 |
| **2040** | |
| **Жители** | 21793 |
| **Создаден отпад (т)** | 9796 |
| **Собран отпад (т)** | 9796 |

Потребни дополнителни контејнери и канти во регионот и трошоци за истите:

| Општина | Вкупно потребни дополнителни контејнери од 1,1 m3 | Вкупно потребни дополнителни канти за отпад | Вкупен трошок за контејнерите од 1,1 m3 | Вкупен трошок за кантите за отпад |
|---|---|---|---|---|
| **Гевгелија** | 157 | 0 | 48.713,10 € | 0,00 € |

Проценети потребни возила за транспорт на отпад по општина

| **Капацитети на возилата за транспорт на отпадот** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **20 m$^3$** | 18 m$^3$ | 15 m$^3$ | 11 m$^3$ | Пјаџо | Вкупно m$^3$ | Цена (€) |
| | | | | | 18 | 70.000 |

Генерално на ниво на општината не се врши селектирање на отпадот, односно не е воспоставен систем за селектирање на специфични типови на отпад согласно законските одредби. Меѓутоа на ниво на градот Гевгелија се прават напори да се започне со имплементација на системот на селектирање на отпад. Според проектната програма за 2016 било предвидено селектирање на смет од физички лица. Посебно органски и био-разградлив смет, а посебно пластика, хартија и картон. Предвидено било органскиот и био-разградливиот смет да се става во црни ќеси, а хартијата и пластика во безбојни (или по договор во некоја друга боја) ќеси. Населението било известено и информирано со флаери, медиумско известување, школи и др. Сепак останува фактот дека во престојниот период ќе мора сериозно да се пристапи кон решавање на овој проблем

Со оглед на фактот дека во Општина Гевгелија опслуженоста на населението со услугите на ЈКПД е 98,14 %, создавањето на диви депонии главно, се должи на недоволно развиена свест кај граѓаните. Според направената анализа, дополнителни причини за појавување на диви депонии се следни:

- ниска свест на населението за заштита на животната средина.
- постоење на голем број на неискористени површини;
- неефикасно спроведување на законската регулатива за изрекување на казни од страна на соодветните органи.

Приказ на диви депонии:

| Број | Име на најблиско место каде е депонијата | Опис (околина на депонијата) | Вид отпад |
|---|---|---|---|
| **1.** | Богородица | Депонијата се наоѓа во непосредна близина на Р. Грција со капацитет 5000 $m^2$ | Мешовит комунален отпад (градежен шут, пластика, стакло) |
| **2.** | Негорци | Депонијата е на одалеченост од 1 километар од с. Негорци со капацитет 5000 $m^2$ | Мешан отад |
| **3.** | Диви депонии на различни локации | Покрај реки и патишта во сите области на општината | Мешан отпад |

Во рамки на општина Гевгелија има големи количини на био отпад, согласно податоците од Планот околу 34,84%, сеуште нема системско решение за негово компостирање или претварање во енергија.

Преглед на отпад по фракции

| Населено место | Органско | Хартија и картон | Пластика | Стакло | Текстил | Метали |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гевгелија** | 2582089,39 | 1384237,34 | 1314194,14 | 88881,08 | 412660,92 | 41883,79 |
| **Богородица** | 166785,28 | 89412,25 | 6977,09 | 5741,11 | 26655,07 | 2705,41 |
| **Габрово** | 3332,37 | 1786,46 | 139,40 | 114,71 | 532,57 | 54,05 |
| **Даводово** | 62148,76 | 33317,45 | 2599,85 | 2139,29 | 9932,41 | 1008,11 |
| **Кованец** | 29491,50 | 15810,16 | 1233,71 | 1015,16 | 4713,23 | 478,38 |
| **Конско** | 666,47 | 357,29 | 27,88 | 22,94 | 106,51 | 10,81 |
| **Миравци** | 274420,93 | 147114,85 | 11479,79 | 9446,16 | 43857,04 | 4451,35 |
| **Милетково** | 19494,38 | 10450,78 | 815,50 | 671,04 | 3115,53 | 316,22 |
| **Моин** | 52818,12 | 28315,37 | 2209,53 | 1818,11 | 8441,22 | 856,76 |
| **Мрзенци** | 76811,20 | 41177,87 | 3213,23 | 2644,01 | 12275,71 | 1245,95 |
| **Негорци** | 341068,40 | 182844,02 | 14267,84 | 11740,31 | 54508,42 | 5532,43 |
| **Ново Конско** | 22660,14 | 12147,92 | 947,94 | 780,01 | 3621,47 | 367,57 |
| **Петрово** | 34323,44 | 18400,52 | 1435,84 | 1181,49 | 5485,46 | 556,76 |
| **Прдејци** | 85641,99 | 45911,98 | 3582,64 | 2947,98 | 13687,02 | 1389,19 |
| **Серменин** | 2999,14 | 1607,81 | 125,46 | 103,24 | 479,31 | 48,65 |

| Населено место | Неметали | Рециклабили | Хигиенски | Инертен отпад (вклучително ситен) | Опасен отпад | Останато | Отпад (t/год) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гевгелија** | 249723,38 | 3037035,95 | 215902,95 | 396235,91 | 229118,41 | 494963,23 | 7409,89 |
| **Богородица** | 16130,42 | 118260,87 | 13945,85 | 25594,12 | 14799,48 | 31971,23 | 478,63 |
| **Габрово** | 322,29 | 2362,85 | 278,64 | 511,37 | 295,69 | 638,79 | 9,56 |
| **Даводово** | 6010,64 | 44067,24 | 5196,61 | 9537,07 | 5514,69 | 11913,36 | 178,35 |
| **Кованец** | 2852,23 | 20911,26 | 2465,95 | 4525,63 | 2616,89 | 5653,25 | 84,63 |
| **Конско** | 64,46 | 472,57 | 55,73 | 102,27 | 59,14 | 127,76 | 1,91 |
| **Миравци** | 26540,26 | 194581,06 | 22945,87 | 42111,41 | 24350,39 | 52604,02 | 787,51 |
| **Милетково** | 1885,37 | 13822,70 | 1630,03 | 2991,52 | 1729,81 | 3736,90 | 55,94 |
| **Моин** | 5108,23 | 37451,24 | 4416,42 | 8105,23 | 4686,75 | 10124,76 | 151,57 |
| **Мрзенци** | 7428,69 | 54463,80 | 6422,61 | 11787,10 | 6815,74 | 14724,01 | 220,43 |
| **Негорци** | 32985,98 | 241838,15 | 28518,64 | 52338,83 | 30264,27 | 65379,73 | 978,77 |
| **Ново Конско** | 2191,55 | 16067,41 | 1894,74 | 3477,32 | 2010,72 | 4343,74 | 65,03 |
| **Петрово** | 3319,55 | 24337,40 | 2869,98 | 5267,12 | 3045,65 | 6579,49 | 98,50 |
| **Прдејци** | 8282,75 | 60725,36 | 7161,01 | 13142,24 | 7599,33 | 16416,80 | 245,77 |
| **Серменин** | 290,06 | 2126,57 | 250,77 | 460,23 | 266,12 | 574,91 | 8,61 |
| **Смоквица** | 4238,06 | 31071,54 | 3664,09 | 6724,53 | 3888,37 | 8400,03 | 125,75 |
| **Хума** | 32,23 | 236,29 | 27,86 | 51,14 | 29,57 | 63,88 | 0,96 |
| | 367406,15 | 3899832,25 | 317647,75 | 582963,07 | 337091,04 | 728215,89 | 10333,41 |

Секторот природа, на национално ниво е регулиран со: Закон за заштита на природата и Закон за заштита на биодиверзитетот. Општините во рамки на законските надлежности го имаат прогласувањењето на: Споменик на природата, и Парк шума. Во општина Гевгелија, има природно

наследство, Див прнар, Гевгелија, со одлука од 1997 година




Општина Гевгелија нема активности поврзани со Климатска акција, единствени проекти се иницирани од организацијата Центар за климатски промени, која повеќето активности ги реализира во Скопје. Како една од најчестите активности, во справувањето со климатските промени и адаптацијата е третманот и подигнувањето на урбано зеленило. За подобрување на состојбите со зеленилото во Република Северна Македонија, беше донесен Закон за урбано зеленило, но иако законот наметнува обврска на општините да изработат Стартегија за урбано зеленило за период од 10 години, како и соодветен Оперативен 5 годишен план, подготвеноста на вакви стратегии е незадоволителна. Општина Гевгелија нема ваква стратегија.

Одржувањето на зелените површини се реализира преку ЈПКП Комуналец и соодветен сектор во рамки на истото. Површината која се одржува е 35.180 $m^2$,а површината околу колективните домувања која се одржва е 50.000 $m^2$, како и паркови и зелени површини во населените места. Дополнително, секторот Паркови и зеленило го одржува и граничниот премин, како со косење на зелените површини, такла и со чистење на истиот. Од сопствениот пластеник, произведени се 12.000 садници за пролетно цвеќе и 10.000 садници за зимско цвеќе.

Во рамки на ЛЕР 2023-2026, се предвидува изработка на Студија за можностите за искористување на обновливи извори на енергија – ветерници и сончеви колектори за производство на електрична енергија во општината.

Начин на затоплување – Гевгелија

| | Начин на греење на домаќинството - ВКУПНО | Централно парно греење | Парно греење со сопствена инсталација, вкупно | Парно греење со сопствена инсталација на електрична енергија | Парно греење со сопствена инсталација на огревно дрво |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 8386 | - | 999 | 170 | 471 |
| **Урбан** | 5725 | - | 818 | 163 | 353 |
| **Рурал** | 2661 | - | 181 | 7 | 118 |

| | Парно греење со сопствена инсталација на јаглен | Парно греење со сопствена инсталација на пелети | Парно греење со сопствена инсталација на нафта | Парно греење со сопствена инсталација на гасовити горива | Парно греење со сопствена инсталациј, други неспоменати видови горива |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | - | 217 | 37 | - | 3 |
| **Урбан** | - | 177 | 35 | - | 3 |
| **Рурал** | - | 40 | 2 | - | - |

| | Парно греење со сопствена инсталација - непознато | Греење со печка (вкупно) | Греење со печка на електрична енергија | Греење со печка на огревно дрво | Греење со печка на јаглен | Греење со печка на пелети | Греење со печка на нафта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 101 | 6061 | 361 | 5567 | 2 | 123 | 5 |
| **Урбан** | 87 | 3733 | 357 | 3259 | 1 | 108 | 5 |
| **Рурал** | 14 | 2328 | 4 | 2308 | 1 | 15 | - |

| | Греење со печка на гасовити горива | Греење со печка, други неспоменати видови горива | Греење со печка - непознато | Клима-уред | Други неспоменати видови горива и енергија | Без греење | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 1 | 2 | - | 940 | 32 | 27 | 327 |
| **Урбан** | 1 | 2 | - | 883 | 30 | 26 | 235 |
| **Рурал** | - | - | - | 57 | 2 | 1 | 92 |

Во рамки на општините, големо влијание врз животната средина е бројот на инсталации со издадени Б еколошки дозволи. Б-интегрираната еколошка дозвола се однесува на видови бизнис, кои според класификацијата направена од Владата, влегуваат во категоријата Б-инсталации и кои предизвикуваат загадување на животната средина од локално значење. Истите се дефинирани во членовите од 122-120 во Законот за животна средина.

Листа на деловни субјекти во општина Гевгелија кои имаат Б-интегрирана дозвола:

ПРАВНИ ЛИЦА СО Б- ИНТЕГРИРАНИ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ

1. Сепарација и бетонска база ,,Мансард,, ул. Панче Пешев 8 Гевгелија

2. Сепарација и бетонска база ,,Интер бетон,, Вардарски рид бб. Гевгелија

3. Сепарација ,,Анса Горан,, Миравци

4. Површински коп за дијабаз ,, Инвикта,, Прдејци

5. Винарија ,,Риго Импекс,, Мрзенски рид бб. Гевгелија

6. Свињарска фарма ,,Ветеринар,, Моински пат бб. Гевгелија

Во општина Гевгелија има и деловен субјект со А- интегрирана еколошка дозвола:

1. Друштво за производство, трговија и услуги „Ветеринар„ ДОО, Ул.Моински пат бб Гевгелија

| **Анализа на заштитата на животната средина, енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | Потреби и насоки |
| **Потенцијални обработливи површини** | Заштита од загадување преку диви депонии |
| **Мониторинг на квалитетот на воздухот** | Изработка на План за квалитет на амбиентион воздух |
| **Незаштитени шумски екосистеми** | Воспотавување на систем за рано предупредување (набвака на дрон за рано детектирање) |
| **За време на зимскиот период има поголема загаденост на воздухот** | Замена на нееколошките извори за затоплување:<br>▪ Јавни институции<br>▪ Субвенции за граѓани |
| **Недоволна примена на обновливи извори за енергија** | Креирање планови за обновлии извори, брза процедура во општинската амнинистрација и користење на комбинација од земјоделски површини и системи за обновливи извори |
| **Огромни количини био-отпад** | Воспоставување на систем за цирклуарна економија базирана на био-отпад |

## ТЕМАТСКИ SWOT АНАЛИЗИ

Тематските SWOT анализе се изработени за сите стратешките цели дефинирани за сите поединечни области во надлежност на општините согласно со Законот за локалната самоуправа, на работилницата на Локалниот тим за развој со граѓаните во општина Гевгелија.

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА - Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **Урбанистички планови** | Зелени површини |
| **Сектор за урбанизам** | Недоволно паркинг места |
| **Патна инфраструктура** | Градски парк |
| **Програма за уредување на градежно земјиште и изградба, реконструирање и одржување на локални патишта и улици** | Пренамена на градежно и земјоделско земјиште |
| **Плански развој на градот** | Неразвиена комунална инфраструктура |
| | 1 градежен инспектор |
| | Немање ДУП-и |
| **Можности** | Закани |
| **Повеќе зелени површини** | Станбени комплекси во ЦГП |
| **Катни гаражи** | Прекумерна градежна експанзија |
| **Фотоволтаични централи на не земјоделски обработливи земјоделски површини** | Природни катастрофи |
| **Поставување на фотоволтаични панели на локални објекти** | Политичка волја |
| **Градење отворен базен и терени за рекреација** | |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА - Заштита на животната средина и природата

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **Местоположба (чист воздух заради чести ветришта)** | Нема соодветен кадар за животна средина |
| **Одредени области покриени со плански документи (отпад, енергетска ефикасност)** | Нема ЛЕАП 18 години |
| **Тековни проекти за инфраструктура** | Диви депонии |
| **Примарна селекција** | Мала депонија со времен карактер |
| **Солидни административни капацитети** | Палење отпадни гранки |
| **Активен НВО сектор од областа на ЖС** | Недоволно користење на природни ресурси - Кожуф, Смрдлива вода |
| **Чиста општина и ефикасно комунално претпријатие** | Недоволно зеленило |
| **Пречистителна станица** | |
| **Водоводен систем до сите населени места** | |

| **Можности** | Закани |
|---|---|
| **Капитални инвестиции** | Мал буџет |
| **Потенцијал за циркуларна економија од Био отпад, термални води** | Не е приоритет во рамки на општинскиот буџет |
| **ТИРЗ** | Рудници |
| **Стратегии кои ги нема** | Фабрики за преработка на отпад |
| **Нов ЛЕАП** | |
| **Брана Конско како туристичка атракција** | |
| **Кожуф – национален парк** | |
| **Серменин како туристичка атракција** | |
| **Мерни сензори, на река Вардар во делот каде се влева во Грција** | |
| **Примарна селекција и соодветна обработка** | |
| **Заштита на ендемски видови** | |
| **Проекти од невладини организации** | |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Локален економски развој

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **Индустриски зони** | Отсуство на стратегии и нивна доследна примена |
| **Географска местоположба** | Недостаток и иселување на квалификуван кадар |
| **Угостителски дејности** | Непријавување туристи |
| **Услужни дејности** | Неплаќање туристичка такса |
| **Здравствени услуги (пр. стоматолошки ординации)** | Лоша состојба во давање на здравствени услуги |
| **Царински складови** | Слаба меѓународна промоција |
| **ЛАГ Бојмија** | Неискористување на земјоделските површини |
| **Прекугранична соработка** | Немање економско социјален совет |
| **Меѓуопштинска соработка** | |
| **Најниска невработеност** | |
| **Можности** | Закани |
| **Кожув-потенцијал** | Геополитичка криза |
| **Искористување на ЕУ и домашни фондови** | Економска криза |
| **Постоење на кредитирање на банки на МСП** | Одлив на население |
| **Прекугранична соработка ИТИРЗ** | Намалување на наталитет |
| **Селски туризам, Кожув** | Немање интерес на невработени за работа во фабрики |
| **Ски центар Кожув** | |
| **Искористување на земјоделските површини** | |
| **ГЕО-термални капацитети** | |
| **Услужни дејности** | |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА - Комунални дејности

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **Водоснабдување 100%** | Нема подземен катастар |

| | |
|---|---|
| **Пречистителна станица** | Владеење на право |
| **Селекција на отпад** | Немање доволно паркови |
| **Привремена депонија** | Одводни канали |
| **Стационар за бездомни животни** | Диви депонии |
| | Врзана атмосферска со фекална канализација |
| | Неказнивост |
| **Можности** | Закани |
| **Рециклирање на отпад** | Еколошка катастрофа |
| **Компостирање отпад** | Заразни болести |
| **Канализациона мрежа за атмосферски води** | Недостаток на финансиски средства за значајни инвестиции |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Спорт и рекреација

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| **Програма за спортски активности** | Спортски комплекс од затворен тип |
| **Буџет** | |
| **Спортски клубови** | |
| **Мултифункционално игралиште** | |
| **Можности** | Закани |
| **Стратегија за спорт** | Здравствена и економска ситуација |
| **Базен** | Избори |
| | Политичка волја |
| | Недостаток на финансиска поддршка |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА - Социјална заштита и заштита на децата

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| **Програма за социјална заштита** | Недоволно развиена инфраструктура |
| **Доградба на градинка -МТСП-УНДП** | Нема дом за стари лица |
| **Лична асистенција** | Нема патеки за слепи лица |
| **Комисија за нега** | Нема пристап за ЛПП во општинската зграда |
| **Дневен центар за ЛПП** | Фонд за пензиско инвалидско осигурување е на 3 кат – недостапно за лицата со инвалидитет |
| **Обезбеден превоз за ЛПП** | |
| **Соработка со центар за социјални работи** | |
| **Бесплатна храна за деца од социјално загрозени семејства** | |
| **Можности** | Закани |
| **Користење на фондови за развој на социјални услуги** | Економска криза |
| | Постапки за остварување права на 2 години телесен инвалидитет во Скопје |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Образование

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **Стручен кадар ( наставници)** | Лоша инфраструктура во дел од училиштата |
| **Добра инфраструктура во дел од училиштата** | Миграција село-град |
| **Пристапни рампи за ЛПП** | Нема кино |
| **Програма за култура и спорт + буџет** | Слаба инфраструктура (библиотека и активен Работнички дом) |
| **Учество во домашни проекти** | Несоодветна екипираност во однос на вработени ( мал број на вработени) |
| **Објект-народен театар** | Недоволна вклученост во ЕУ проекти (пр. Еразмус) |
| **4 културни институции** | Некомплетни стручни служби во училиштата |
| **Културно лето** | Честа промена на наставни програми |
| **Позитивна инклузивна клима** | Образование на возрасни |
| | Недоволно добри просторни услови (спортски сали за часовите во ФЗО) |
| **Можности** | Закани |
| **Стратегија за култура** | Немање можност за вклучување на наставници во креирање на наставна програма |
| **Програми за возрасни во работнички универзитет** | Долги процедури за комплетирање на документација за аплицирање за финансиски грантови |
| **Локалитет Вардарски рид** | Намалување на блок дотации |
| | Иселување на млади лица |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Здравствена заштита

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **Здравствен дом** | Нема лекари ( уролог) |
| **Општа болница со проширена дејност** | Нема општински превоз за (прегледи, контроли) |
| **Приватни здравствени ординации и стоматолошки ординации** | |
| **Стипендирање на студенти по медицина** | |
| **Можности** | Закани |
| **Развој на хотелиерски туризам** | Иселување на кадри во странство |
| **Медицински сестри со курсеви** | |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Заштита и спасување

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| **Универзални сили при ЕЛС** | Скали за противпожарна |

| | |
|---|---|
| **Процена на ризици од природни непогоди за рана превенција** | Нема скривалиште |
| **Систем 112** | Недоволно подготвеност на ДЗС и ЦУК |
| **Обуки** | Недостаток на МТЦ |
| **Можности** | Закани |
| **Расчистување на постојни објекти** | Непочитување правила |
| **Изградба и доопремување на објекти за заштита и спасување** | Миграциска криза |
| | Заразни болести |
| | Елементарни непогоди |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Противпожарна заштита

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| **Има завршени обуки** | Нема ПП скали |
| **Има планови за заштита и спасување** | Нема хидранти |
| **Процена на загрозеност** | Стари возила |
| **Две нови возила (ПП и теренско возило)** | Големо подрачје на дејствување |
| **Опрема** | Непрописно паркирани возила (на сообраќајниците) |
| | Недоволно финансии за ТППЕ |
| **Можности** | Закани |
| **Набавка на нови возила** | Проблеми со влијанието на фотоволтаиците врз извршување на противпожарната заштита |

ТЕМАТСКА SWOT АНАЛИЗА – Млади

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| **Формирање локален младински совет** | Младински центар |
| **Програма на Општина Гевгелија за млади** | Пасивни млади |
| **Активен НВО сектор** | Градски урбанизам |
| **Буџет за млади** | Паркови и зеленило |
| **Службеник за млади** | Спортско-рекреативни центри |
| **Младински спортски клубови** | Локален и национален патриотизам |
| **Зголемен раст на млади претприемачи** | Недоволна понуда на пазарот на трудот за високо-квалификуван кадар |
| **Стипендии за млади** | Културно-забавен живот |
| **Новоформирана струка-медицина во СОУ Ј.Ј. Гевгелија** | |
| **Можности** | Закани |
| **Едукативни работилници** | Масовно иселување |
| **Искористување на планинско-туристички капацитет** | Економска, здравствена криза |
| **ТИРЗ зона во Прдејци- можност за вработување на млади** | Природни катастрофи |

| | |
|---|---|
| **Искористување на фондови** | Безбедност |
| **Стратегија за млади** | Казина |

## Анекс 2. Листа на учесници на работилница

| Ред бр | Име и презиме | Организација | Позиција | Контакт |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Љубица Карајанова | Општина Гевгелија | Раководител | 071207192 |
| 2. | Томе Јанкуловски | Општина Гевгелија | Советник | 075330181 |
| 3. | Катарина Карајанова Аризанова | Општина Гевгелија | Советник | 070903917 |
| 4. | Љупка Вукашиновски | Општина Гевгелија | Соработник | 070728866 |
| 5. | Петар Јанчев | Општина Гевгелија | Помлад соработник | 078690648 |
| 6. | Панче Киров | Општина Гевгелија | Раководител | 070777233 |
| 7. | Стефан Марковски | Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија | Директор | 070263910 |
| 8. | Крум Мишев | УЈП | Даночен советник | 077952379 |
| 9. | Ѓорги Стамков | ООУ Крсте Мисирков | Директор | 078218150 |
| 10. | Ана Удринова | Флорит | / | 070922482 |
| 11. | Ристо Михаилов | Димбафенс | Директор | 070629705 |
| 12. | Виктор Гавровски | АМД Гевгелија | Управител | 070225227 |
| 13. | Александар Крајчев | Центар за управување со кризи | Советник | 070226478 |
| 14. | Кристијан Атанасов | АУВ | PAP | 074608028 |
| 15. | Георги Петков | ЛМС на ОГ | Член | 078376993 |
| 16. | Петар Ташевски | Општина Гевгелија | / | 079251154 |
| 17. | Јован Дупаров | КДС Спајдер | Управител | 070218317 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. | Ѓорги Кундурџиев | ТТК Банка АД | Раководител | 070880333 |
| 19. | Марина Прошева | ЈПКД Комуналец | Раководител на правни работи | 071207313 |
| 20. | Ристо Камов | СВАМ | Администратор | 070320232 |
| 21. | Кристијан Алчинов | Локален младински совет | Претседател | Lms.gevgelija@yahoo.com |
| 22. | Дејан Маркудов | МЗШВ | Раководител | 070320870 |
| 23. | Марина Томова | Чеијнмејкерс | Претседател | 075210559 |
| 24. | Габриела Ќосев | Еуроинг ДОО | Екон.техничар | 071276999 |
| 25. | Љубица Ивановска | ЈОУ Работнички универзитет Кирил и Методиј | Директор | 072229333 |
| 26. | Миле Бошнаков | Сенатор Македонија | Менаџер | 070303298 |
| 27. | Надја Шопова | Paint in Black | Рецепцинер | 078350271 |
| 28. | Ружица Икономова | ООУ Владо Кантарџиев | Директор | 070754873 |
| 29. | Аце Ристовски | Фондација Аполонија | Претседател | 070320660 |